ИЗВЕШТАЈ ЗА ОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО

# Разбирање на влијанието и вредноста на активностите за превенција и спротивставување на насилен екстремизам (П/СНЕ) кои се спроведуваат во училишните средини во Република Северна Македонија



Funded by the European Union

Hedayah
Countering Extremism & Violent Extremism

STRIVE II GLOBAL
Hedayah

NEXUS civil concept

ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ „НЕКСУС - ГРАЃАНСКИ КОНЦЕПТ"
Скопје, Република Северна Македонија

# Разбирање на влијанието и вредноста на активностите за превенција и спротивставување на насилен екстремизам (П/СНЕ) кои се спроведуваат во училишните средини во Република Северна Македонија


Автор:
Д-р. Катерина Мојанчевска

Коавтор:
М-р. Афродита Муслиу


NEXUS civil concept


Септември, 2024

**Наслов:**
Разбирање на влијанието и вредноста на активностите за превенција и спротивставување на насилен екстремизам (П/СНЕ) кои се спроведуваат во училишните средини во Република Северна Македонија

**Издавач:**
Здружение на граѓани „НЕКСУС - Граѓански концепт“ - Скопје

**Автор:**
Д-р. Катерина Мојанчевска

**Коавтор:**
М-р. Афродита Муслиу

**Превод и лекторирање:**
АТОС - Гаврил Дооел - Скопје

**Графички дизајн и печатење:**
МАСИВА Креативна Агенција - Скопје

**Формат:**
Печетена верзија

**Тираж:**
100 копии

Funded by the European Union

Hedayah Countering Extremism & Violent Extremism

STRIVE II GLOBAL Hedayah

NEXUS civil concept

Оваа публикација беше финансирана од Европската Унија и Хедаја - Центарот за извонредност за борба против екстремизам и насилен екстремизам. За нејзината содржина единствено е одговорна НЕКСУС – Граѓански Концепт и таа нужно не ги одразува ставовите на Европската Унија и на Хедаја.

# Предговор и благодарност

*Оваа анализа е резултат на истражување спроведено во рамки на проектот „Разбирање на влијанието и вредноста на активностите за превенција и спротивставување на насилен екстремизам (П/СНЕ) кои се спроведуваат во училишните средини во Република Северна Македонија“ спроведено од НЕКСУС Граѓански концепт. Ова истражување не ќе беше возможно без поддршка на Центарот за извонредност за борба против екстремизам и насилен екстремизам – Хедаја, преку глобалната програма „STRIVE II“ финансирана од Европската Унија.*

*Изразувам благодарност на проектниот тим составен од асистенти, координатори, истражувачи, методолог и аналитичар, кои придонесоа за стручноста на работата што резултираше со оваа анализа.*

*Исто така, сакам да упатам посебна благодарност до Џозеф Гите за неговиот професионализам и непроценлива помош за финалниот изглед на овој документ и за поддршката на истражувачкиот тим на Хедаја глобалната програма II STRIVE за одржување на највисоките стандарди додека се подготвуваше овој документ.*

*Им благодарам на сите национални институции, креатори на политики, граѓански организации, училишен персонал, родители и ученици за одвоеното време, подготвеноста и отвореноста за соработка и за нивниот драгоцен придонес.*

*Ние како Тим веруваме дека заклучоците од оваа анализа ќе помогнат да се осмислат идни проектни активности засновани на докази кои би можеле да гарантираат поголемо влијание врз секоја претстојна образовна иницијатива во областа на превенција и спротивставување на екстремизам и насилен екстремизам (П/СНЕ).*

*Афродита Муслиу,*

*Претседател на НЕКСУС Граѓански концепт*

# Содржина

**Речник на акроними** 6

**Извршно резиме** 7

*1.* **Вовед** 12

*2.* **Методологија** 16

*3.* **Наоди од евалуацијата** 26

*Критериум 1:* **Релевантност и квалитет на дизајнот на активностите** 30

*Критериум 2:* **Избор на корисници на активностите** 36

*Критериум 3:* **Ефективност на активностите** 42

*Критериум 4:* **Ефикасност на активностите** 48

*Критериум 5:* **Кохерентност и поврзаност на активностите** 50

*Критериум 6:* **Одржливост (актуелна и потенцијална одржливост)** 55

*Критериум 7:* **Корисност/влијание** 60

*4.* **Заклучоци** 64

**Препораки** 70

*5.* **Библиографија** 75

*Анекс 1.* **Матрица на податоци за училишни активности за П/СНЕ во одбраните градови: Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар, реализирани од 2018 до 2023 год.** 76

*Анекс 2.* **Список на испитаници во длабинските интервјуа со целните групи** 81

# Речник на акроними

| | |
|---|---|
| **ГО(и)** | Организација(и) на граѓанско општество |
| **СНЕ** | Спречување на насилниот екстремизам |
| **ЕУ** | Европската унија |
| **СТБ** | Странски терористички борци |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ММЕ** | Мониторинг, мерење и евалуација |
| **НЕ** | Насилен екстремизам |
| **НКСНЕ/БПТ** | Национален комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам |
| **ОЕЦД-КРП** | Организација за економска соработка и развој - Комитет за развојна помош (КРП) на ОЕЦД |
| **П/СНЕ** | Превенција и спротивставување на насилен екстремизам |
| **СТБП** | Странски терористички борци - повратници |

# Извршно резиме

Уште од 2012 година Северна Македонија се соочува со предизвици поврзани со насилниот екстремизам (НЕ), а 143 нејзини државјани заминале на боиштата во конфликтните зони во Сирија и Ирак[1]. Отсуството на евиденција за заминувањата во 2022 и 2023 година[2] укажува дека дошло до значително опаѓање во динамиката на патувања или движења кон странските боишта, што можеби е поврзано и со измените во националната законска рамка и нејзиното спроведување[3]. Сепак, останува загриженоста поради ризиците поврзани со реинтеграцијата на странските терористички борци (СТБ) и нивните семејства кои се враќаат во земјата[4]. Дополнително, постои скепса во однос на капацитетот на заедницата да се справува со разликите и критички да се вклучи во дискусија на теми поврзани со екстремизмот. Иако се направени значителни напори за поддршка на возрасните во овој процес, она што е во голема мера занемарено во севкупната слика е перспективата на децата и наставниците, а тие се од суштинско значење за негување на кохезивно општество.

Новоспроведената Национална стратегија за борба против насилен екстремизам (2023-2027) ја нагласува важноста на образовните иницијативи за промовирање на мир, различност и толеранцијата помеѓу младите[5]. Во овој контекст се спроведени образовни активности за превенција и спротивставување на насилниот екстремизам (П/СНЕ) со цел да се одвратат младите од приклучување кон овие насилни екстремистички наративи. Од суштинско значење е да се разберат ефектите од овие иницијативи, особено во средини каде сè уште е тешко да се поврзат позитивните резултати со напорите кои се вложуваат за да се постигнат подобрувања.

Во Северна Македонија, недостатокот на сеопфатна анализа на влијанието за спроведените образовни проекти за П/СНЕ остава значителна празнина во информациите. Иако граѓанските организации (ГО) вршат евалуација на нивните спроведени проекти, сè уште е тешко да се осознае која е севкупната ефикасност на активностите, што функционирало а што не, и кои се причините за таквите резултати. Ова истражување е обид да се премости јазот преку оценка на влијанието на активностите за П/СНЕ во училиштата во четири клучни локации: Скопје, Куманово, Гостивар и Тетово. Овие области беа избрани поради нивната поголема ранливост на НЕ, како што беше наведено и во претходните истражувања. Студијата се фокусираше на активности за П/СНЕ насочени кон училишниот персонал и учениците, иницирана 2018 година. Во тој период започна да се намалува трендот на лица кои заминуваат во конфликтните зони, и кога почнуваа напорите за нивна репатријација, со акцент на потребата за нивна ресоцијализација и реинтеграција.

[1] Стејт департмент на САД (2022) Извештаи за тероризмот на земјата 2022: Северна Македонија. [онлајн документ] Достапен на: https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2022/north-macedonia/ [18.09.2024]

[2] Европска комисија (2022). Извештај за напредокот на ЕУ за Северна Македонија, 2022 година. [онлајн документ] Достапен на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/-files/2022-10/North%20Macedonia%20Report%202022.pdf

[3] Измените на Кривичниот законик од септември 2014 година го вклучија членот 322-а, според кој лице што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

[4] Шикова, Н. и Муслиу, А. (2023). Извештај во сенка за постојните стратегии и релевантната правна рамка за превенција и спротивставување на насилен екстремизам и рехабилитација и реинтеграција на странските терористички борци- повратници и нивните семејства: период на известување 2022 – 2023 година. Скопје: НЕКСУС. [онлајн документ] Достапен на: https://drive.google.com/drive/folders/1J2rMrZukrMjc0wnGlUpeGiYgR7rB2w9B стр. 7. [17.09.2024]

[5] Влада на РСМ (2023) 2023-2027 Национална стратегија за борба против насилен екстремизам. [онлајн документ] Достапен на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/eng_national_cve_strategy_2023-2027.pdf стр.19 [18.09.2024]

За потребите на Рамката за оценка на влијанието користевме адаптирана верзија на „рамката од седум критериуми" на ОЕЦД-КРП, која ги вклучува следните критериуми: Релевантност и квалитет на дизајнот, Избор на корисници, Ефективност, Ефикасност, Кохерентност и Поврзаност, Одржливост и Корисност/Влијание. Во прилог на секој критериум за потребите на истражувањето беа изготвени прилагодени прашања со цел да се соберат релевантни податоци, со што се овозможи компаративна анализа помеѓу групите на испитаници.

Истражувањето беше спроведено во две фази. Првично, беше спроведена вежба за мапирање за да се идентификуваат активностите за П/СНЕ во училиштата во избраните места. Потоа, беа собрани примарни податоци од клучните чинители, вклучувајќи ги имплементаторите и корисниците на утврдените активности. Студијата употреби формирање на намерен примерок за да собере сеопфатни квалитативни податоци преку длабински интервјуа со 52 испитаници од кои: 20 се претставници на ГО, 12 претставници од општинската администрација, тројца креатори на политики и 17 вработени во училишта. Дополнително, беа одржани осум дискусии во фокус групи со 29 ученици и 27 родители со цел да се добијат дополнителни сознанија за влијанието на активностите.

Анализата на податоците беше спроведена преку тематска анализа усогласена со критериумот за евалуација, идентификувајќи ги клучните теми и прашања кај квалитативните податоци. Потоа, квалитативните наоди беа квантифицирани преку групирање на одговорите во четири категории на сентимент: позитивен, негативен, амбивалентно мислење и нема мислење. Преку овој процес, оценките за изразениот сентимент/мислење за секој критериум одделно, се пресликаа на Ликертовата скала од 5-точки, (од 1 до 5), со следново значење 1 = Не се знае; 2 = Низок успех; 3 = Умерен/мешан успех; 4 = Генерално успешно; 5 = Извонреден успех.

## Главните наоди од критериумите за оценка

- ***Релевантност и квалитет на дизајнот:*** Критериумот „Релевантност и квалитет на дизајнот" на активностите доби оцена „Генерално успешен", со тоа што неговата локална релевантност и можност да одговори на различни целни групи беше силно препознаена. Иако 96% од испитаниците потврдија дека активностите зависат од локалната динамика, ставовите на различните актери се разликуваа. Расположението на ГО беше многу позитивно, вработените во општините имаа позитивен, но претпазлив став, а училишниот персонал сметаше дека активностите имаат „Умерен/мешан успех". Беше изразена загриженост во врска со тоа дали дизајнот целосно ги задоволува потребите на корисниците, што е одраз за нецелосното разбирање на придобивките од активностите за различните корисници. Недоволното ангажирање на наставниот и стручниот кадар во училиштата, како и на учениците и родителите пред имплементација на активностите резултираше со тоа многу корисници да бидат пасивни приматели наместо активни учесници. Процесот на осмислување на активностите, иако беше усогласен со националните и локалните приоритети, не содржеше механизми за поттикнување учество.
- ***Избор на корисници:*** Критериумот „Избор на корисници" на активностите беше оценет дека има „Умерен/мешан успех", што укажува на несигурност за методите за избор на географски области и училишта, како и за вклучување на училишниот персонал во групите на засегнати страни. Некои наставници и претставници на општините се сомневаа во релевантноста на проектите за нивните локални средини, сметајќи дека тие не се посебно подложни на радикализација. Загрижувачки беше ограничениот степен на вклученост на наставниците во проценката на ранливост на средината и дизајнот на проектните активности, зашто доведе до пристрасност при изборот, кој на крајот се

базираше повеќе на желбата на општините да учествуваат отколку на реалните потребина заедницата. Училишниот персонал го оцени „изборот на корисници“ како „низок“, наведувајќи проблеми како што се недоволна обука и вовед во иницијативите за П/СНЕ. Овој недостаток на ангажман резултираше со тоа што некои од избраните места не ги доживуваат активностите како неопходни или не ја разбираат нивната цел.

- ***Ефективност:*** Критериумот беше рангиран дека има „Извонреден успех“, првенствено одразувајќи ги перцепциите на ГО и општините. Овие активности се однесуваа на широк спектар на теми за поттикнување на отпорноста. Сепак, треба да се забележи дека иако локалните актери ја оценија Ефективноста како „извонредно успешна“, креаторите на политиките на национално ниво ја оценија како „генерално успешна“. Згора на тоа, беше изразена загриженост во однос на ставањето акцент на излезните резултати, наместо на значајните исходи. Критериумите за селекција кои им дадоа предност на најдобрите ученици и буџетските ограничувања, исто така поттикнаа прашања за целокупната Ефективност. Многу активности се обидуваа да го интегрираат новото знаење во секојдневните практики, а јазичната бариера дополнително ги комплицираше напорите. Иако разговорите со вработените во општините и стручноста на проектните тимови придонесуваат за севкупниот успех, беа видливи одредени недоследности во проценката на долгорочните влијанија врз учениците и образовните практики. Без соодветен надзор, беше предизвик за тимот за евалуација да утврди дали вештините стекнати за време на обуката ефективно се применуваат во училницата или на друго место. Фокусот на резултатите, како што е бројот на одржани работилници, ризикуваше да ја затскрие применливоста на активностите во реалноста. Севкупно, иако активностите се сметаа за успешни, тие се соочија со значителни предизвици во однос на финансирањето и координацијата.
- ***Ефикасност:*** Критериумот за Ефикасност на активностите доби „Умерен/мешан успех“. Повеќето активности се соочија со неколку поголеми пречки, а врз целокупната Ефикасност влијаеја неколку прашања. Постоеше консензус помеѓу ГО, вработените во општините и училишниот персонал во однос на постигнатиот умерен степен на ефикасност. Организациите на граѓанското општество се соочија со предизвици во мотивирање на наставниците, учениците и локалниот персонал, во обезбедувањето поддршка од општините и управувањето со логистичките и финансиските ограничувања. И покрај овие пречки, тие ефикасно ги ублажија ризиците без значително да се попречат резултатите од проектот. Ниското рангирање на овој критериум од страна на креаторите на политики ја истакна потребата од подобрена координација, соработка и финансирање со цел усогласување на активностите со реалните училишни практики и поширококите цели на политиката.
- ***Кохерентност и поврзаност:*** Критериумот беше рангиран како „низок“ во поглед на успехот, при што сите засегнати страни се согласија околу предизвиците. Активностите се трудеа да постигнат внатрешна и надворешна кохерентност, со оглед на ограничената способност на наставниците да ги приспособат однапред дизајнираните активности. Ова доведе до некохерентен пристап во истиот контекст, со недоволна усогласеност меѓу различните актери и со институционална неусогласеност. И покрај спецификата на активностите, тие не успеаја да се интегрираат со други слични активности и напори. Некои од факторите за оваа слабост и недостиг на кохерентност се недоволни институционални капацитети, политизираност и недоверба кај раководните структури и актери во граѓанскиот сектор. Генерално, имаше неефикасна соработка, ограничено споделување на информации и несоодветно вмрежување помеѓу образовните институции, креаторите на политики и ГО, што ја попречи интеграцијата на темите П/СНЕ во официјалните образовни програми. Недостигот на кохезија и градење партнерства на крајот го попречи потенцијалното општествено влијание на активностите.

- ***Одржливост:*** Овој Критериум доби оценка „Низок“ успех, што укажува на значителна загриженост во однос на континуитетот на иницијативите за П/СНЕ. Половина од испитаниците видоа одреден потенцијал за идни активности во оваа област, но тие во голема мера се потпираат на финансирање од надворешни донатори. Повеќето посочија дека активностите најверојатно ќе престанат без поддршка од донатори, нагласувајќи дека постои финансиска зависност која ја загрозува самата одржливост. Додека некои сметаа дека ефектите од активностите ќе опстојат и по нивното завршување, вработените во општините и училиштата нотираа „Многу низок успех". Прекумерниот фокус на излезни резултати и недоволното вклучување на засегнатите страни во процесот на дизајнирање дополнително ја поткопаа долгорочната одржливост. Севкупно, и покрај согледаните трајни придобивки, значителни предизвици за поддршката и влијанието на активностите и натаму остануваат да бидат силното потпирање на надворешно финансирање и намалената мотивација за ангажирање.
- ***Корисност/Влијание:*** Критериумот „Влијание“ на активностите за П/СНЕ беше оценет како „Умерено/мешано“ успешен, што укажува дека испитаниците согледале дека активностите ефикасно одговараат на потребите на целните групи и го подобруваат животот на корисниците. Граѓанските организации го оценија влијанието поповолно, додека вработените во општините, училиштата и креаторите на политиките потврдија дека има многу предизвици, што значи дека сите ги препознаа ограничувањата. И покрај перцепираните позитивни резултати, многумина сметаа дека активностите се само делумно трансформативни и дека не креираат системски промени. Потпирањето само на надворешно финансирање укажува на отсуство на одржливи механизми за финансирање, а поради недостатокот на усогласеност со локалните ресурси се попречува одржливоста. Долгорочната интеграција и ефективноста се дополнително загрозени од прашања како што се поделбите во образовниот процес и недоволното инвестирање во развој на наставните програми. Накратко, иако активностите создадоа одредено влијание, тие не постигнаа системски промени или трајни резултати.

## Клучни препораки

Препораките за јакнење на образовните активности за П/СНЕ нагласуваат неколку клучни области во фокусот за да се поттикне одржлив ангажман и влијание.

**Прво, воспоставувањето механизам за координирање на образовните активности за П/СНЕ е од клучно значење.** Ова би вклучило создавање на комитет сочинет од претставници од училиштата, општините, ГО и креаторите на политики за да се олесни соработката, да се споделат најдобрите практики и да се обезбеди ефикасно искористување на ресурсите и кохерентност на активностите. Во овој механизам за координација би можеле да учествуваат и финансиските партнери, како што се меѓународните донатори, но на ад-хок основа. Со промовирање на редовна комуникација меѓу засегнатите страни, овој механизам може да ја подобри одговорноста, взаемното разбирање помеѓу различните засегнати страни и усогласување на образовните иницијативи за П/СНЕ.

**Второ, од суштинско значење е да се развие интегрирана наставна програма за П/СНЕ.** Таа треба да се усогласи со постоечките наставни програми и да ги вклучи наставниците во нејзиното креирање, со цел да биде релевантна и практична. Треба да опфати различни образовни теми за П/СНЕ, да поттикнува интерактивни наставни методи и да биде дизајнирана за долгорочна одржливост. На придружна онлајн платформа може да се постават ресурси за наставниците, на која би се промовирале иновативни стратегии со кои би се поттикнал ангажманот на учениците. Циклусите треба да се ревидираат, идеално на секои три години, со што наставната програма би се

ажурирала со нови практики. Потребно е пристапот кон иницијативите да произлегува од базата, што значи дека наставниот кадар треба да се вклучи во процесот на дизајнирање на активностите, со цел иницијативите да бидат флексибилни и да бидат одраз на локалниот контекст.

- **Трето, од витално значење за успешно спроведување на наставната програма се постојаната поддршка и можности за професионален развој за наставниците.** Воспоставувањето на систем за менторство помеѓу колегите и обезбедување механизми за професионален раст може да создаде култура на извонредност во областа на П/СНЕ. Иницијативите за финансирање кои промовираат соработка меѓу училиштата го препознаваат придонесот на наставниците и ги зајакнуваат заедничките практики, а проектите предводени од учениците можат да ги поттикнат учениците да преземаат иницијатива во нивните заедници.
- Дополнително, **подоброто разбирање на образовните политики за П/СНЕ помеѓу училишниот персонал** кое би се овозможило преку работилници и достапни информативни материјали ќе ги поттикне наставниците ефективно да ги интегрираат овие политики во нивната практика, создавајќи позитивно настроена училишна средина.
- **Поддршката за градење на капацитетите на локално и национално ниво е исто така од суштинска важност.** Вработените во општините треба да модерираат консултации и работилници преку кои ќе се помогне дизајнираните образовни активности за П/СНЕ да бидат релевантни и целисходни за локалните потреби. Ресурсите за обука и дигиталните алатки можат да поддржат подобра координација и управување со знаење помеѓу засегнатите страни.
- **Силно се препорачува да се истражат одржливи модели на финансирање за ГО.** Преку идентификување на активностите кои генерираат приходи и формираат партнерства, ГО може да ја намалат нивната зависност од надворешно финансирање. Програмите за почетно финансирање и менторство може да поттикнат иновативни стратегии за обезбедување на финансиски средства, помагајќи да се воспостави финансиска одржливост. Во партнерство со локални бизниси, преку инвестирање во иницијативи за градење капацитети и вградување на програмите во образовната и развојната рамка на заедницата, граѓанските организации може да ја подобрат отпорноста и да ја намалат зависноста од надворешни донатори.
- **Да се развијат упатства и алатки за граѓанските организации систематски да ги оценуваат нивните програми, да ги мерат успесите и да ги идентификуваат областите за подобрување, заедно со употребата на дигитални технологии за следење, мерење и евалуација,** што дополнително ќе ја зајакне ефективноста на иницијативите за П/СНЕ. Обезбедувањето достапни материјали и ресурси за обука преку онлајн платформа може да им помогне на ГО да го оценат нивното влијание и да споделат вредни сознанија за постигнатиот успех.
- **И на крај, вклучувањето на родителите во образовните активности за П/СНЕ е од клучно значење за градење на позитивна домашна средина.** Создавањето онлајн платформа за образовни ресурси и одржување работилници може да ги подготви родителите да водат значајни разговори за теми поврзани со П/СНЕ со своите деца, поттикнувајќи ја кохерентноста меѓу семејствата и училиштата.

Генерално, овие препораки ја нагласуваат важноста од координирани напори, интеграција на наставната програма, професионален развој и вклученост на заедницата во јакнење на образовни иницијативи за П/СНЕ.

# 1. Вовед

## 1.1 Потреба од студијата

Образованието сè повеќе се препознава како клучна компонента на мекиот пристап кон спречување на вовлекувањето на младите во НЕ[6]. Училиштата и образовните власти ширум светот се наметнаа како природни сојузници на владите, задолжени за спроведување на програми специјално дизајнирани за П/СНЕ[7]. Овие иницијативи често имаат две форми: директни програми кои ги третираат ризиците поврзани со радикализацијата и индиректен пристап со кој се промовираат вредности како што се антирасизам, граѓански и вредности на плурализмот[8]. Најпосле, образованието служи како проактивна стратегија во поширокaта агенда на отпорноста на едно општество, помагајќи да се ублажат факторите кои можат да доведат до радикализација и промовирајќи култура на разбирање и мир.

Додека бројните образовни иницијативи за П/СНЕ се насочени кон различни засегнати страни во заедниците и училиштата, останува предизвик да се разберат нивните ефекти. Затоа е од клучно значење да се оцени влијанието на овие иницијативи, особено во контекст каде што е тешко да се воспостават причинско-последични врски помеѓу вложените напори, ресурсите и резултатите. Иако може да се смета за успех доколку отсуствува идна радикализација, да се припише овој исход само на конкретни активности е дискутабилно, бидејќи тука може да бидат од суштинско влијание и надворешните фактори. Сепак, систематското учење од минатите образовни активности за П/СНЕ е многу важно за да се подобруваат идните иницијативи.

Во Северна Македонија, забележително е отсуство на сеопфатна анализа на влијанието за спроведените образовни проекти за П/СНЕ. Граѓанските организации (ГО) спроведуваат евалуации на нивните поединечни проекти, но тие често се оценуваат изолирано. Недостасува поопшта проценка на пристапот кон активности за П/СНЕ во училишните средини што би можела да ја долови севкупната ефективност на овие напори. Овој јаз го попречува развојот на поефективни стратегии и проекти, нагласувајќи ја критичната потреба за систематско вршење на оценка на влијанието.

## 1.2 Искуството на Северна Македонија со насилен екстремизам

Од 2012 година, 143 граѓани од Северна Македонија (без децата) отпатувале во конфликтните зони во Сирија и Ирак, од кои 133 биле мажи а 10 жени. Од нив, 69 се вратиле во Северна Македонија, а 38 биле убиени во конфликтните зони.[9] Поголемиот дел

[6] Стојковски, Ф. и Калајџиовски, Н. (2018) Перспективите на заедницата за спречување на насилниот екстремизам во Македонија. Студија на случај на земјата 1. Берлин/Скопје: Фондација Бергхоф и лабораторија за демократија. [онлајн документ] Достапно на: http://image.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Papers/. F стр. 2. [17.09.2024]

[7] Мрежа за подигање на свеста за радикализација (2019) Образование и превенција од радикализација: начини на кои владите можат да ги поддржат училиштата и наставниците во превенцијата/спротивставувањето на насилниот екстремизам. [онлајн документ] Достапен на: https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/radicalisation-awareness-network-ran/ran-publications/ran-papers-published-2020/ran-edu-different-ways-владите-може-да-поддржат-училишта-и-учителите-спречување борба против насилството_en стр.1 . [17.09.2024]

[8] Исто.

[9] Стејт департмент на САД (2022) Извештаи за тероризмот на земјата 2022: Северна Македонија. [онлајн документ] Достапен на: https://www.state.gov/reports/country-reports-on-terrorism-2022/north-macedonia/ [18.09.2024]

од СТБ кои патуваат во Сирија и Ирак потекнуваат од поголемите урбани центри, како што се Скопје и Гостивар[10]. Гостивар е идентификувано како место кое е умерено погодено од НЕ[11]. Во март 2015 година, медиумите пишуваа за регрутирање преку Интернет што се случува во Куманово[12]. Почнувајќи од 2015 година, бројот на луѓе кои отпатуваа во конфликтни зони почна да се намалува поради нивното враќање. Во 2022 и 2023 година не беа регистрирани заминувања во конфликтните зони, што укажува на значителен пад на преваленцата на странски терористички борци (СТБ) што ја напуштаат Северна Македонија[13], потенцијално поради законските измени и санкционирањето[14].

Во 2021 година, четворица мажи, пет жени и 14 деца беа вратени во Северна Македонија. Четворицата мажи беа обвинети за кривични дела и лишени од слобода, додека жените и децата го започнаа својот процес на рехабилитација и реинтеграција во нивните матични заедници. Овие активности беа координирани од Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризмот (НКСНЕ/БПТ)[15]. Враќањето на таквите лица во нивните матични заедници, кое трае од 2018 година[16], наложи рефокусирање на напорите за ресоцијализација и реинтеграција, што, од друга страна, ги забрза активностите на граѓанските организации на ова поле. Во Скопје, Куманово и Гостивар почна враќањето на репатрираните деца во училишните средини. Оттаму, беше очекувано напорите за едукација на темите поврзани со П/СНЕ да бидат првенствено концентрирани во овие места. Дополнително, сите овие области се мултиетнички, што значи дека активностите на ГО во овие места се занимаваат со мултикултурни прашања и меѓуетничка толеранција како дел од образовниот „репертоар“ на П/СНЕ. Сепак, во Северна Македонија, преовладува загриженоста дека враќањето на СТБ претставува значителен ризик за пошироката заедница, а во 2023 година се подобри процесот на рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција, во споредба со претходните години[17]. Сепак, остануваат предизвиците кои мора да се решат за да се зајакне севкупната безбедност, но и социјалната кохезија[18].

---

[10] Ванчоски, А., Шикова, Н., Муслиу, А. (2020). Подобро разбирање на феноменот на странски терористички борци (СТБ): Предизвици за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците и модераторите во РС Македонија. NEXUS Граѓански концепт. Достапно на: https://drive.google.com/file/d/1r0xpzlr8NA_36AAdOQQ0EZmuX-6lHdun/view [15.09.2024]

[11] Стојковски, Ф. и Калајџиовски, Н. (2018) Перспективите на заедницата за спречување на насилниот екстремизам во Македонија. Студија на случај 1 во земјата. Берлин/Скопје: Фондација Бергхоф и Лабораторија за демократија. [онлајн документ] Достапен на: http://image.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Papers/. F стр. 3. [17.09.2024]

[12] CNA (2015). “Kumanove, 18-vjecarja rekrutohet nga ISIS, prinderit: Eshte ne Irak,” CityNews [вест од 21 јули, 2015]. Достапна на: https://www.cna.al/2015/07/21/kumanove-18-vjecarja-rekrutohet-nga-isis-prinderit-eshte-ne-irak [12.09.2024] CNA (2015). „Куманове, 18-вјечарја рекрутира од ISIS, пишува: Еште не Ирак“, CityNews [вести од 21 јули 2015 година]. Достапно на: https://www.cna.al/2015/07/21/kumanove-18-vjecarja-rekrutohet-nga-isis-prinderit-eshte-ne-irak [12.09.2024]

[13] Европска комисија (2022). Извештај за напредокот на ЕУ за Северна Македонија, 2022 година. [онлајн документ] Достапен на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/system/-датотеки/2022-10/Северна%20Македонија%20Извештај%202022.pdf; ТВ Телма (2023). Петмина македонски државјани сè уште учествуваат во борбите во Сирија и Ирак [вести од 1.11.2023 година]. Достапно на: https://telma.com.mk/2023/11/01/petmina-makedonski-drzhavjani-s%D1%90-ushte-uchestvuvaat-vo-borbite-vo-siria-i-irak/ [17.09.2024]

[14] Измените на Кривичниот законик од септември 2014 година го вклучија членот 322-а, според кој лице што спротивно на закон создава, организира, регрутира, превезува, организира превоз, опремува, обучува или на друг начин подготвува лице или група за учество во странска војска, полиција, паравоени или параполициски формации, организирани групи или поединечно, надвор од територијата на Република Македонија, ќе се казни со затвор од најмалку пет години.

[15] ГЦЕРФ (НА) Северна Македонија. [онлајн] Достапен на: https://www.gcerf.org/north-macedonia/

[16] Шикова, Н. и Муслиу, А. (НА). Феноменот на странски терористички борци во Северна Македонија. [онлајн документ]. Достапен на: https://hedayah.com/ftf-northmacedonia/ [18.09.2024]

[17] Шикова, Н. и Муслиу, А. (2023). Извештај во сенка за постојните стратегии и релевантната правна рамка за превенција и спротивставување на насилен екстремизам и рехабилитација и реинтеграција на странските терористички борци- повратници и нивните семејства: период на известување 2022 – 2023 година. Скопје: НЕКСУС. [онлајн документ] Достапен на: https://drive.google.com/drive/folders/1J2rMrZukrMjc0wnGlUpeGiYgR7rB2w9B стр. 7. [17.09.2024]

[18] Исто.

Владата продолжува да дава приоритет на реинтеграцијата на СТБП и нивните семејства како критичен аспект од нејзините напори за П/СНЕ[19]. Иако многу од активностите се фокусирани на поддршка на возрасните во процесот на реинтеграција, се посвети внимание на тоа да се разберат и перспективите на децата и на наставниците. Овие лица играат клучна улога во олеснувањето на реинтеграцијата на децата повратници во секојдневниот училишен живот и во градењето на кохезивно и инклузивно општество.

Со оглед на овие искуства, новата Национална стратегија за борба против насилниот екстремизам (2023-2027) ја нагласува клучната улога на образовните иницијативи во поттикнување на мир, различност и толеранција меѓу младите[20]. Стратешката цел 1.3 ги нагласува мерките за зајакнати и отпорни заедници преку:

- Промовирање на дијалог меѓу општините, полицијата, социјалните работници, воспитувачите, верските заедници, граѓанските организации и другите засегнати страни за да се спречи НЕ, користејќи ги локалните совети за превенција како делотворни платформи.
- Ангажирање на младите преку воспоставени младински канцеларии и центри.
- Зајакнување на родителскиот капацитет во спречување на радикализација која води кон тероризам или насилство.
- Искористување на формалното и неформалното образование за работа со младите.
- Искористување на културата и спортот за промовирање на кохезија и спречување на радикализација.

Овој сеопфатен пристап има за цел да изгради доверба и издржливост во заедниците, препознавајќи ги ГО како витални партнери во постигнувањето на овие цели. Преку соработка меѓу различни засегнати страни, стратегијата се стреми да создаде единствен фронт против радикализација и да промовира побезбедна, поинклузивна средина за сите. Националната стратегија за СНЕ (2023-2027) исто така ја идентификува поларизацијата меѓу различните групи во општеството што претставува значителна закана[21]. Оваа поларизација на заедницата лесно може да доведе до насилство. Иако етничките и верските поделби се сè уште фактор, социјалната поларизација - манифестирана преку економски разлики и политичка партизација - сè повеќе ги преминува овие граници. Решавањето на овие поделби е од суштинско значење за поттикнување на кохезија и СНЕ[22]. Во контекст во кој постојано преовладува различноста, особено е важно младите да поседуваат вештини неопходни за ефикасно прифаќање и справување со разликите.

Со дефинирање на формалното и неформалното образование како едни од првите чинители во превентивниот пристап наведен во Националната стратегија за СНЕ (2023-2027), младите се позиционираат и како ранлива група и како витален двигател на промени. Ангажирањето на младите како клучни чинители во иницијативите за П/СНЕ ја нагласува важноста наставниците и стручниот кадар во училиштата - кои се практичари од првата линија[23] - да се стекнат со потребната обука за да можат да ги препознаат раните знаци на радикализација. Понатаму, граѓанските организации играат клучна улога како катализатор, промовирајќи практики кои го подобруваат критичкото размислување, социјалното и емоционалното учење и ненасилното разрешување конфликти.

---

[19] Исто.

[20] Влада на РСМ (2023) Национална стратегија за борба против насилен екстремизам (2023-2027). [онлајн документ] Достапен на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/eng_national_cve_strategy_2023-2027.pdf стр.19 [18.09.2024]

[21] Исто. стр. 13.

[22] Исто.

[23] Parker, D., Lindekilde, L., & Gøtzsche-Astrup, O. (2021). Recognising and responding to radicalisation at the ‘frontline’: Assessing the capability of school teachers to recognise and respond to radicalization. Journal of Education and Security, 12(3), 45-67.,; Mattsson, C., & Johansson, T. (2020). Caught between the urgent and the comprehensible: Professionals’ understanding of violent extremism. Critical Studies on Terrorism, 13(2), 218-236. https://doi.org/10.1080/17539153.2020.1728276.

Локалните и националните власти се важни за поттикнување на поволна средина за училиштата да ги задоволат овие потреби и да ги развијат овие вештини. Сите заедно, овие елементи создаваат холистички пристап кон П/СНЕ, нагласувајќи го трансформативниот потенцијал на образовната средина во градењето на отпорни заедници.

Претходните истражувања во Северна Македонија покажуваат дека напорите за П/СНЕ од гледна точка на граѓанското општество честопати биле ограничени[24]. Некои иницијативи го вклучија проектот „Мајки училишта" во Чаир, кој се спроведува од 2016 година од страна на *Жени без граници*[25], како и програмата *„Educate2Prevent"* спроведена од Центарот за истражување и креирање политики и неговите партнери во 2018 година[26]. Овие проекти демонстрираа како насочени активности имаат моќ да ги ангажираат младите луѓе и родителите и да поттикнат отпорност и вештини за критичко размислување, кои се од суштинско значење за СНЕ. И покрај зголемениот број на активности на ова поле во последните години, што се потврди и во вежбата за мапирање на ова истражување, во моментов не постои сеопфатна евалуација на нивното реално влијание во училишната средина[27]. Овој јаз ја нагласува потребата од систематско оценување на резултатите од образовните активности за П/СНЕ во училиштата за да бидеме сигурни дека тие ќе дадат целисходен придонес за спречување на радикализацијата и поттикнување на отпорноста на заедницата.

[24] Стојковски, Ф. и Калајџиовски, Н. (2018) Перспективите на заедницата за спречување на насилниот екстремизам во Македонија. Студија на случај 1 во земјата. Берлин/Скопје: Фондација Бергхоф и Лабораторија за демократија. [онлајн документ] Достапен на: http://image.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Papers/. F стр. 5. [17.09.2024]

[25] Жени без граници: Мајчки училишта во Северна Македонија. [веб-страница] Достапно на: https://wwb.org/activity/motherschools-macedonia/ [17.09.2024]

[26] Исто. И двата проекти беа идентификувани во активностите за мапирање на ова истражување.

[27] Стојковски, Ф. и Калајџиовски, Н. (2018) Перспективите на заедницата за спречување на насилниот екстремизам во Македонија. Студија на случај 1 во земјата. Берлин/Скопје: Фондација Бергхоф и Лабораторија за демократија. [онлајн документ] Достапен на: http://image.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Papers/. F стр. 5. [17.09.2024]

# 2. Методологија

## 2.1 Цели и прашања на истражувањето

Целта на истражувањето беше да се осознае влијанието на активностите за П/СНЕ кои се имплементирани од 2018 до 2023 година во четири различни места во Северна Македонија: Скопје, Куманово, Гостивар и Тетово. Поконкретно, истражувањето се обиде да утврди дали, како и зошто дошло до одредени промени, и кои биле факторите што влијаеле врз успехот на активностите. Истражувањето беше водено од следниве прашања:

- Како беа реализирани активности за П/СНЕ во училиштата за да се изгради отпорност против НЕ?
- Дали овие активности имаат за цел да се поттикне критичко размислување, барањето докази, познавањето на правата, способноста за навигација на разликите, борбата против стереотипите и предрасудите и решавањето на конфликти?
- Колку добро се усогласени со националните приоритети во борбата против насилниот екстремизам?
- Какви видови партнерство постојат помеѓу чинителите во јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор во развојот, спроведувањето и финансирањето на иницијативи за П/СНЕ кои се одвиваат во училиштата?
- Кое е нивото на координација помеѓу засегнатите страни кои се вклучени во развојот, спроведувањето и финансирањето на овие иницијативи?
- Кои се слабостите и потенцијалите во планирањето, поддршката, спроведувањето и одржливоста на иницијативите П/СНЕ на ниво на училиште?
- Кои одговори засновани на докази можат да ги разрешат идентификуваните слабости?

## 2.2 Опфат на истражувањето

Предмет на анализата беше Скопје и општините Куманово, Гостивар и Тетово, избрани врз основа на претходно истражување кое укажуваше на повисоки нивоа на подложност на насилен екстремизам (за повеќе информации види Дел 1.2: Искуството на Северна Македонија со насилен екстремизам).

Истражувањето се фокусираше на училишни активности насочени кон П/СНЕ реализирани од 2018 до 2023 година. Истражувањето ги анализираше активностите за П/СНЕ во кои беа опфатени училишниот персонал и/или учениците. Некои од активностите можеби се одвиваа во или надвор од училишната средина, но примарни корисници сепак биле наставниците и/или учениците. Некои од активностите во ова истражување биле самостојни иницијативи насочени конкретно кон наставниците и стручниот кадар и/или учениците, но и активности кои биле или дел од поголеми проекти насочени кон повеќе субјекти а не само кон наставниците и/или учениците или кон повеќе места/градови. На пример, во овие поголеми проекти можеле да бидат вклучени и креатори на политиките, семејства на повратниците на кои им била потребна поддршка за ресоцијализација, социјалните служби, општините и др., а активностите можеле да бидат обуки, подигање на свеста и други настани во заедницата. Истражувањето го разгледа секој релевантен проект во рамки на целните групи, доколку содржел активност што ги вклучувал наставниците или стручниот кадар и/или учениците, и се обиде да ја разбере таа активност во длабочина.

Во истражувањето беа вклучени неколку клучни чинители кои се релевантни за активности за П/СНЕ во училиштата, и тоа од следниве причини:

- **Наставници и стручен кадар (психолози, педагози, дефектолози):** Овие лица директно комуницираат со учениците и ја обликуваат училишната средина. Нивното вклучување е од витално значење за да се процени влијанието на активностите насочени кон подобрување на нивната способност да препознаат рани знаци на радикализација, да спроведуваат превентивни мерки, да разговараат на чувствителни теми и да ги интегрираат активностите за П/СНЕ во целокупната стратегија на училиштето.
- **Ученици:** Како примарни корисници на образовните активности за П/СНЕ, нивната перспектива е од суштинско значење за да се разбере како активностите ќе им ги зајакнат вештините за критичко размислување, отпорноста против екстремистичките идеологии и стратегиите за решавање конфликти. Истражувањето опфати и мала група ученици кои не беа вклучени во активности за П/СНЕ за да се истражат мотивите за ангажирање во идни активности.
- **Родители:** Нивното вклучување е од клучно значење, бидејќи тие ги зајакнуваат вредностите и вештините научени на училиште, со тоа што истата порака се пренесува и во домот. Со ангажирање на родителите се поттикнува поинаков пристап на заедницата кон П/СНЕ пружајќи одржлива поддршка и надвор од училишната средина.
- **ГО:** Тие обезбедуваат ресурси, експертиза и поддршка на заедницата за подобрување на активностите за П/СНЕ. Тие ја олеснуваат соработката меѓу училиштата и заедниците, нудејќи сеопфатен пристап за спречување на радикализацијата.
- **Јавни институции (на национално и локално ниво):** Овие институции ги обликуваат и спроведуваат политиките за П/СНЕ. Важно е да се разбере потребата да се усогласат училишните активности со пошироките напори на институциите на владата. Тие, исто така, ја обезбедуваат потребната поддршка и финансирање и добиваат повратни информации од оценката на влијанието на овие активности.

Вклучувањето на овие засегнати страни како испитаници е наведено подетално во делот 2.4: Осмислување на теренските активности.

## 2.3 Рамка за оценка на влијанието

Рамката за оценка на влијанието беше прилагодена на потребите на оваа анализа користејќи ја „Рамката со седум критериуми" на ОЕЦД-КРП, која е препознаена како еден од најсеопфатните и комплементарни групи на критериуми за проценка на влијание на развојните активности. Истражувањето ги разгледа и ги контекстуализира следните критериуми за евалуација со цел да одговори на потребите на истражувањето:

- **Релевантност и квалитет на дизајнот:** Оценката на релевантноста на развојните активности вклучува проценка колку добро целите се усогласени со потребите на корисниците, приоритетите и политиките во релевантниот контекст. Оваа анализа разгледуваше дали активностите се идентификувани инклузивно преку вклучување на целните групи и засегнатите страни и дали тие реагираат на локалната динамика која постојано се развива. Релевантноста беше оценета и во поглед на осмислување (дизајн) и имплементацијата на активностите, со проверка дали тие ефикасно одговараат на планираните цели и дали се приспособуваат на променливите околности.
- **Избор на корисници:** Овој критериум го оценуваше прашањето зошто се избрани конкретни области и училишта за активностите и дали овие

училишта имале можност да влијаат врз тоа како активностите одговориле на локалните ранливости. Целта беше да се идентификува кои корисници биле поддржани и зошто, со наведување на областите каде активностите биле најефективни и регионите кои можеби биле запоставени и би можеле да имаат корист од дополнителни ресурси. Овој критериум е усогласен со проценката на Релевантноста, Квалитетот на дизајнот и Ефективноста, бидејќи овозможува да се потврдат податоците од овие критериуми.

- **Ефективност:** Овој критериум проценува дали активноста ги постигнала предвидените резултати. Тука е вклучена евалуација на добиените резултати и разбирање како активностите придонеле за нив, и се наведуваат факторите за успех и пречките. Сепак, поради отсуството на основни податоци за конкретните активности, проценката првенствено се потпираше на перцепциите на засегнатите страни во однос на резултатите од активностите, а не на доказите за ефективност кои ги нудеа имплементаторите. Следствено, оваа анализа не го одредува степенот до кој промените може да се припишат на активностите наспроти надворешните фактори; и наместо тоа, се фокусира на нивоата на добиени резултати и исходот дали се постигнати целите врз основа на перцепциите на испитаниците.
- **Ефикасност:** Овој критериум обично мери колку ефективно ресурсите (како што се персоналот, средствата и времето) се претвораат во резултати. Сепак, за ова истражување, акцентот беше ставен на разбирање на предизвиците при имплементацијата, стратегиите што се користат за справување со овие предизвици и дали слични пречки би можеле да влијаат на идни проекти во оваа област. Не беа побарани финансиски податоци од проектите за да се одржи довербата и да се поттикне ангажирањето на засегнатите страни, особено меѓу ГО кои беа клучни имплементатори. Затоа, овој критериум не проценува дали активностите ги постигнале зацртаните резултати со оптимално користење на ресурсите или дали истите резултати можеле да се постигнат поекономично.
- **Кохерентност и поврзаност:** Овој критериум е од клучна важност за оценка на влијанието во развојните проекти, особено оние кои имаат за цел да ги подобрат човечките и институционалните знаења, капиталот и вештините. Во оваа анализа, кохерентноста ја испитува усогласеноста и конзистентноста на активностите на истиот имплементатор, со другите чинители во истиот контекст и со поврзаните политики и проекти од различни субјекти. На овој начин сме сигурни дека активностите се интегрирани и не се во конфликт со другите напори. Поврзаноста проценува дали активностите меѓусебно се надополнувале и подобрувале, поттикнувајќи синергии и партнерства кои придонесуваат за одржливи придобивки со тек на времето. Овој критериум проценува дали активностите одговараат на долгорочни потреби и на различни теми на холистички начин. На крајот, Кохерентноста и поврзаноста одредуваат дали активностите се усогласени и придонесуваат за поширок, интегриран пристап за справување со сложени, долгорочни прашања.
- **Одржливост** (и актуелна и идна): Суштината на овој критериум е да се разбере како придобивките од активностите ќе продолжат и по нивното завршување, нагласувајќи ги долгорочните ефекти и факторите кои влијаат на одржливоста. Во овој контекст, одржливоста се однесува на трајното влијание на активностите наместо на самите активности. Овој критериум го проценува степенот до кој резултатите ќе траат без континуирана поддршка од донаторите и ги вклучува и тековните и завршените активности. Одржливоста опфаќа повеќе аспекти - како што се финансиски, институционални и технолошки - оваа анализа конкретно се фокусира на тоа дали активностите биле трансформативни и, во образовен контекст, дали тие овозможиле долгорочно влијание врз традиционалното образование и социјалната динамика во училиштата.

- **Корисност/Влијание:** Срж та на овој критериум е да се разбере целиот опсег на ефекти од активностите, вклучувајќи ги и планираните и ненамерните исходи, како и позитивните и негативните влијанија, краткорочните и долгорочните последици. За разлика од ефективноста, која се фокусира на тоа дали се постигнати резултати, проценката на влијанието ги испитува пошироките ефекти и последиците од тие резултати. Испитаниците беа охрабрени да размислуваат не само дали целите биле исполнети или постигнати, туку и евентуалните негативни ефекти врз корисниците, организациите или институциите. Оценувањето на влијанието е само по себе предизвик, посебно поради недостатокот на основни податоци за неочекуваните или негативните ефекти и потешкотиите да се утврди нивната меѓуповрзаност.

Во прилог на секој критериум беа наведени уникатно осмислени прашања со цел да ги соберат потребните податоци кои се релевантни за односниот критериум. Прашањата беа приспособени за секоја група испитаници, но сепак постоеја сличности меѓу групите за да се овозможи компаративна анализа. На тој начин можеше ефективно да се споредат клучните теми и исходи, обезбедувајќи посеопфатно разбирање на влијанијата на активностите. Начинот на кој беа осмислени (дизајнот) овозможи нијансирано истражување на тоа како различните засегнати страни ги перцепираа и искусија активностите, и обезбеди информации за нивното влијание и областите во кои може да се подобрат. На Табелата 1 се прикажани прашањата кои го сочинуваат секој критериум за оценување.

### *Табела 1. Критериум за евалуација и соодветни прашања за оценување*

| | |
|---|---|
| *Критериум 1:* **Релевантност и квалитет на дизајнот** | **1.1** Колку добро беа дизајнирани активностите за да одговорат на релевантните приоритети и потреби и дали целите беа јасно прецизирани?<br>**1.2** Дали активностите беа чувствителни и соодветни на локалниот контекст?<br>**1.3** Колку активностите беа инклузивни? Дали тие ефективно ги идентификуваа и инволвираа целните групи и релевантните засегнати страни?<br>**1.4** Дали активностите и резултатите беа усогласени со посакуваното влијание и ефекти?<br>**1.5** Дали активностите и резултатите беа усогласени со политиките на терен?<br>**1.6** Дали активностите генерираа резултати и позитивно влијание врз агендата за спречување на радикализација и НЕ?<br>**1.7** Дали активностите беа спроведени во соработка со Националниот комитет за СНЕ/БПТ? |
| *Критериум 2:* **Избор на корисници** | **2.1** Како беше направен изборот на целни училишта? Дали географските области/целните училишта беа соодветни за справување со идентификуваните ранливости?<br>**2.2** Дали училиштата (наставниците, директорите, итн.) беа вклучени во фазата на идентификација со цел да се идентификуваат слабостите и соодветно да се дизајнира проектот со цел да се надминат тие слабости? |
| *Критериум 3:* **Ефективност** | **3.1** До кој степен беа постигнати целите?<br>**3.2** Какви резултати донесоа активностите?<br>**3.3** Кои беа главните фактори кои влијаеа на постигнувањето или неостварувањето на резултатите? |
| *Критериум 4:* **Ефикасност** | **4.1** Со какви предизвици или бариери се соочија активностите и на кој начин активноста успеа да се справи со нив?<br>**4.2** До кој степен идните активности во оваа област би можеле да се соочат со слични предизивици, пречки или застој? |
| *Критериум 5:* **Кохерентност и поврзаност** | **5.1** До кој степен активностите имаат меѓусебна поврзаност со други иницијативи од истиот ентитет?<br>**5.2** Колку активностите беа кохерентни со проектите на другите актери во истиот контекст?<br>**5.3** До кој степен напорите не беа дуплирање во истиот контекст? До кој степен активноста додаде вредност, истовремено избегнувајќи дуплирање?<br>**5.4** Дали активностите на кој било начин го надополниле и/или го зајакнале ефектот на други слични активности, проекти и политики?<br>**5.5** Дали активноста донесе синергии и партнерства со други поврзани активности, проекти и политики? |
| *Критериум 6:* **Одржливост (актуелна и потенцијална одржливост)** | **6.1** Какви се изгледите за продолжување на овие активности во иднина?<br>**6.2** Дали има докази за видливо продолжување на придобивките за засегнатите страни? Дали ефектите ќе траат и по завршување на активноста?<br>**6.3** До кој степен би продолжиле придобивките од активностите доколку престане финансирањето од донаторите?<br>**6.4** Дали има потенцијални ризици или долгорочни влијанија поврзани со активностите? |
| *Критериум 7:* **Корисност/влијание** | **7.1** Дали активностите имаа влијание врз целните групи во однос на нивните потреби? Какво е влијанието?<br>**7.2** Кои се неочекуваните последици како резултат на активностите?<br>**7.3** Дали активностите предизвикале значителни промени во животот на корисниците?<br>**7.4** Дали активностите создадоа некакви систематски промени или промени во нормите? Дали беа трансформативни? |

Овие критериуми и нивните соодветни прашања беа базата врз која се разви полуструктуриран водич за водењето на длабински интервјуа со испитаници од целните групи, како и водич за фокус групи за дискусии со ученици и родители. Начинот како беа осмислени теренските активности е претставен во делот подолу.

## 2.4 Осмислување на теренските активности

Теренските активности во ова истражување беа поделени во две фази и користеа повеќе извори на податоци и методи за квалитативно собирање податоци.

- **Првата фаза** вклучуваше вежба за мапирање чија цел е да се идентификуваат активностите за П/СНЕ во училиштата во четирите избрани локации. Преку оваа иницијална анализа на документи беа собрани јавно достапни податоци за активностите и, во некои случаи, се стапи во директен контакт со имплементаторите. Фокусот беше ставен на собирање информации поврзани со целите на активностите, главните тематски области, целните корисници, вкупниот број на учесници/ корисници, видовите на спроведени активности, резултати на активностите, крајниот исход, постигнатите резултати, предизвиците и научените лекции. Беа земени предвид само активностите во кои биле вклучени само наставниците и стручниот персонал и/или учениците како примарни корисници. Преку вежбата за мапирање се идентификувале 24 училишни активности за П/СНЕ спроведени од 16 граѓански организации во целните локации: Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар, во периодот од 2018 до 2023 година. Една мапирана активност била спроведена од општина во соработка со локалната ГО. Овие активности биле дел од 18 проекти.
- **Втората фаза** од теренските активности вклучувала собирање примарни податоци од испитаниците во целните групи на истражувањето, вклучувајќи ги и спроведувачите и корисниците на мапираните активности во четирите избрани места. Податоците биле собрани преку намерно одбран примерок, што е соодветно за квалитативно истражување. Беа спроведени детални интервјуа со ГО, вработени во општините и училиштата и креатори на политиките, и биле реализирани дискусии во фокус групи организирани со ученици и родители. Беа реализирани детални интервјуа со вработени во општините од избраните места, со наставниците/стручниот кадар од училиштата кои биле корисници на активностите за П/СНЕ и со креаторите на политики кои работат на меѓусебната поврзаност на П/СНЕ и образованието со намера да ги потврдат податоците собрани од ГО и да обезбедат нијансиран увид во влијанието на активностите. Интервјуата беа спроведени со помош на полуструктуриран водич со прашалници достапен и на македонски и на албански јазик.

Три граѓански организации од идентификуваните 16 во вежбата за мапирање одбија да учествуваат во втората фаза од истражувањето. Со употреба на техника на снежни топки за време на фазата на интервјуирање, беа идентификувани седум дополнителни ГО кои спроведуваат релевантни образовни активности за П/СНЕ со целните групи во избраните локации, и тие беа вклучени во примерокот за интервју. Со ова, вкупно 20 ГО учествуваа во фазата на интервјуирање, и тоа 13 од 16-те ГО идентификувани преку вежбата за мапирање плус седумте дополнително идентификувани во текот на процесот на интервјуирање.

Примерокот за интервју вклучуваше 52 испитаници: 20 претставници од 20 ГО, 12 вработени во општините кои работат во секторот образование, тројца креатори на политики од Националната Комисија за СНЕ/БПТ со стручност во образовните политики и 17 лица вработени во основните и средните училишта кои беа корисници на активностите за П/СНЕ. Вкупно беше вклучен наставен кадар од пет основни и шест средни училишта. Меѓу нив имаше осум наставници, четворица психолози, двајца дефектолози за стручна рехабилитација, еден педагог и двајца директори на училишта.

Со оглед на тоа што повеќето активности вклучуваа ГО со седиште во Скопје, беше најсоодветно да се закажат повеќе интервјуа со засегнатите страни во Скопје. На Слика 1 е прикажана распределбата на примерокот според град и од кој субјект доаѓаат (работат), а на Слика 2 е прикажана половата структура на испитаниците (28 жени и 24 мажи).




*Слика 1. Распределба на испитаниците според град и што работат*




*Слика 2. Распределба на испитаници според пол и субјектот*

Основна претпоставка на оваа евалуација беше сите чинители активно да учествуваат за да се добие сеопфатен увид. Ова беше успешно постигнато за време на фазата на собирање податоци, со тоа што ГО постигнаа стапка на повратен одговор од 81,25% во вежбата за мапирање (13 од 16 организации се согласија да учествуваат во втората фаза).

Беа организирани и осум дискусии во фокус-групи за да се добие поизразено разбирање за влијанието на активностите врз учениците, како и за перцепираните придобивки од гледна точка на родителите. Во сесиите беа вклучени и тројца ученици кои не учествуваа, за да се измери и нивниот интерес и перспективите за идно учество во активности за П/СНЕ. Беа вклучени вкупно 56 учесници, со по две сесии одржани во секоја од одбраните локации - една фокус група за ученици и друга за родители. Вкупно имаше 29 ученици (23 ученички

и 6 ученици) и 27 родители (19 женски родители и 8 машки родители). Сесиите беа модерирани од искусни модератори кои ја воведоа темата, водеа дискусии врз основа на однапред развиен водич и ги охрабрија учесниците да размислуваат за прашањата. Распределбата на учесниците во дискусиите во фокус групите е претставена на Слика 3.




*Слика 3. Распределба на фокус групата на испитаници според град, улога и пол*

Во фокус групите учествуваа 82,35% учесници (56 од планираните 68 учесници). Проблемите што се појавија во процесот на собирање на податоци се објаснети на крајот на делот за методологија.

## 2.5 Аналитичка рамка

Процесот на анализа на податоците вклучува и тематска анализа и трансформирање на квалитативните податоци во квантитативна форма. Првично, беше спроведена тематска анализа соодветна на критериумите за оценување, за да се идентификуваат и филтрираат клучните теми и недостатоци во рамки на добиените податоци. Беше внимателно разгледан одговорот на секое прашање за да се препознаат клучните зборови и фрази кои укажуваат на одреден сентимент. Потоа, секој одговор беше класифициран во една од однапред одредените категории: i) позитивен сентимент; ii) негативен сентимент; iii) амбивалентно мислење; и iv) нема мислење. Во дефинираните категории беа вклучени и наративни дообјаснувања само ако испитаникот јасно го артикулирал своето чувство во однос на одредени едукативни активности за П/СНЕ. Овој пристап му овозможи на истражувачкиот тим да ги квантифицира трендовите и моделите на перципирање на различните критериуми за оценка и целните групи, со што се посигна сеопфатно разбирање за влијанието на активностите за П/СНЕ во училишните средини.

Врз основа на категоризацијата на чувствата, беше развиена податочна матрица за да се сумираат просечните оценки за секој критериум и секоја категорија на засегнати страни. Просечната оцена за секој критериум беше одредена со пресметување на стапката на позитивни одговори (позитивен сентимент) на сите прашања во рамки на конкретниот критериум. Исклучоците од овој пристап ги вклучуваа критериумите Ефективност, Ефикасност и Одржливост. Имено, критериумот Ефективност ги исклучи оценките од прашањето 3.3 („Кои беа главните фактори кои влијаат на постигнувањето или неостварувањето на резултатите?“), бидејќи се смета дека ова прашање се однесува на факторите кои ги поттикнуваат или ограничуваат активностите. Критериумот Ефикасност вклучуваше обратно кодирање за прашањето 4.2 („4.2 До кој степен би

можеле да се соочат со слични предизвици, бариери или застој идните активности на ова поле?“), бидејќи повисоката оценка означува дека нема никакви предизвици или бариери кои влијаат на активноста. Од Критериумот Одржливост беа исклучени и оценките на прашањето 6.4 („Дали има потенцијални ризици или долгорочни влијанија поврзани со активноста?“), бидејќи ова е прашање за ризиците, со цел да обезбеди сознанија за конкретните типови на ризик кои се вклучени. За повеќе информации, видете ги соодветните делови за под-критериумите во Делот 3: Наоди од евалуацијата.

За да се стандардизираат просечните резултати, тие беа поставени на Ликертовата скала од 5-точки, која се движи од 1 до 5, каде што: 1 = Не се знае; 2 = Низок успех; 3 = Умерен/мешан успех; 4 = Генерално успешно; 5 = Извонреден успех. За да се одреди процентуалниот опсег за секоја точка на скалата, беа користени следните упатства: 1 (Многу низок успех): 0% - 20%; 2 (Низок успех): 21% - 40%; 3 (Умерен/мешан успех): 41% - 60%; 4 ( Генерално успешно): 61% - 80%; 5 (Извонреден успех): 81% - 100%. Овие пресметки овозможија јасно нумеричко прикажување на податоците, правејќи ја полесна споредбата меѓу различни критериуми и групи на засегнати страни.

Во текот на извештајот беа вградени квалитативни објаснувања за да ги надополнат квантитативните резултати, со што се обезбеди подлабок увид во перцепциите, искуствата и мислењата на испитаниците. Овој интегриран пристап ја збогати анализата, и се овозможи нумеричките податоци да се контекстуализираат во рамки на поширокиот наратив на ставовите на сите вклучени чинители.

## 2.6 Етички прашања

Испитаниците беа одбрани за процесот на интервјуирање или преку вежба за мапирање или врз основа на првичните интервјуа со ГО и општините. Испитаниците беа информирани за целите на истражувањето, видот на податоците што треба да се соберат и за постапките како ќе се користат и чуваат податоците. Сите испитаници во процесот на интервјуирање потпишаа формулари за согласност. Учесниците во дискусиите во фокус групите беа одбрани преку училишниот персонал кој беше вклучен во мапираните активности за П/СНЕ. Беа поканети да учествуваат ученици на возраст од 15-19 години, со претходно добиена согласност од родителите. Родителите, исто така, потпишаа формулари за согласност нивните деца да бидат вклучени во истражувањето. Бидејќи теренската работа се одвиваше за време на летниот распуст, беа спроведени дискусии во фокус групи надвор од училиштата и беа идентификувани алтернативни локации кои на учениците им нудеа безбеден и удобен простор. На етичките прашања им беше даден приоритет во текот на процесот на истражување, како што беше гарантирање доверливост и анонимност за сите учесници, особено за малолетниците, за заштита на нивниот идентитет. Дополнително, истражувачкиот тим се придржуваше до принципите за заштита на децата, со тоа што се осигура дека учеството е доброволно и дека учениците се чувствуваат безбедно и удобно за време на дискусиите.

## 2.7 Ограничувачки фактори во истражувањето

Тимот за оценување наиде на неколку проблеми при организирање на теренските активности:

1. **Ограничени онлајн информации:** Недостатокот на информации на Интернет го попречија првичното мапирање и го отежнаа идентификувањето на релевантните чинители кои треба да бидат вклучени во интервјуата. Малиот број на документи или презентирани активности на Интернет кои ги спроведе ГО, општините и училиштата навистина предизвика потешкотии. Ова ограничување првично влијаеше на сеопфатното ангажирање на засегнатите страни, но тимот успеа да го

надмине овој проблем и да ги собере потребните податоци преку директна комуникација со засегнатите страни, при што баравме да ни доставаат податоци за нивните активности.

2. **Недостаток на основни податоци:** Отсуството на референтни податоци за образовните проекти/активности за П/СНЕ навистина беше предизвик. И покрај тоа што беа познати мерливите цели и планираните резултати од активностите, недостатокот на референтни податоци ја комплицираше точната оценка на постигнатиот напредок. За да се реши ова прашање, некои податоци требаше да се реконструираат со користење на достапните докази, поради што беа спроведени интервјуа со клучните актери и беа применети техники за усна историја.
3. **Немање пристап до логички рамки:** Тимот не бараше пристап до логичките рамки на активностите што ги спроведуваа ГО. Иако логичните рамки се од суштинско значење за да се поврзат целите со критериумите за евалуација, доколку ги побаравме тоа можеше да влијае врз подготвеноста и довербата на ГО во овој истражувачки процес. Како резултат на тоа, оценката за ефективноста на активностите мораше да се прилагоди за да се потпира на податоците добиени од интервјуата наместо да се споредуваат планираните и постигнатите резултати како што е наведено во логичките рамки.
4. **Некои ОГО не се одзваа на поканата да учествуваат:** Три ГО кои беа идентификувани во вежбата за мапирање не одговорија на поканата да се вклучат. Ова го ограничи опфатот на перспективи и собрани податоци, и делумно влијаеше на инклузивноста и длабочината на анализата.
5. **Надворешни фактори:** Процесот на генерирање податоци беше организиран во политички чувствителен период и на крајот на учебната година. Парламентарните и претседателските избори создадоа чувствителна атмосфера во земјата. Вработените во општините, креаторите на политиките од министерствата и училиштата не беа расположени да дискутираат за ова прашање. Институциите не дадоа дозвола за пристап до училиштата и организирање фокус групи и интервјуа во нив. Како резултат на ова, тимот ги спроведе сите настани надвор од училиштата. Иако ова не влијаеше врз квалитетот на добиените податоци, сепак влијаеше на пристапот до родителите и ученици во фокус групите (во групите учествуваа 56 од планираните 68 учесници). По изборите, кога се смени владејачката партија, на крајот беше одобрен пристап во училиштата, но оваа дозвола се даде на крајот на процесот на генерирање податоци, и тимот немаше доволно време да разреши другите нерешени прашања.

# 3. Наоди од евалуацијата

## 3.1 Наоди од активноста мапирање

Преку активноста на мапирање се идентификуваа 24 училишни активности за П/СНЕ спроведени од 16 ГО во целните локации: Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар, во периодот од 2018 до 2023 година. Овие активности беа дел од 18 проекти. Пет активности беа имплементирани и надвор од целните локации, на пример, во општините Струга и Кичево, за кои претходните истражувања исто така потврдија дека се место на потекло на лица кои отпатувале да се борат во конфликтните зони од 2015 година. Струга и Кичево не беа примарен фокус на ова истражување поради ограничените ресурсите и специфичните стратешки цели на одбраните локации - да се концентрираат напорите за П/СНЕ на локално ниво. Меѓу имплементаторите, една ГО беше со седиште во Куманово а друга во Тетово, додека сите останати ГО имаа седиште во Скопје. Една мапирана активност беше спроведена од општина во соработка со локална ГО. Имплементаторите работеа или во конзорциум со други (11 активности) или како единствени имплементатори (13 активности). Целосната листа на мапирани активности е претставена во Анекс 1.

**Мапираните активности за П/СНЕ во училиштата опфатија широк спектар на важни теми насочени кон поттикнување на отпорноста и ублажување на ризиците од екстремизмот.** Најчесто обработуваната тема во мапираните активности за П/СНЕ во училиштата беше градењето на отпорност и разбирање на радикализацијата која се одвива преку Интернет, говорот на омраза, НЕ и патиштата кон екстремизмот, при што десет активности беа фокусирани на овие теми. Активностите може да се групираат во следните главни теми:

- **Тема 1: Градење толеранција и навигација на разликите:** Активности кои имаат за цел да го подобрат капацитетот на учениците да ги разберат и ценат различните перспективи и култури, со што се стремат кон поинклузивна училишна средина (пет мапирани активности: мапирани активности 1, 8, 9, 16 и 17).
- **Тема 2: Борба против стереотипите и предрасудите:** Активности во училиштата со ученици кои имаа за цел да ги оспорат и уништат штетните стереотипи и предрасуди кои придонесуваат за поделби и радикализација (четири мапирани активности: мапирани активности 3, 4, 13 и 14).
- **Тема 3: Зајакнување на критичкото размислување:** Активности насочени кон јакнење на способноста на поединците објективно да ги проценуваат информациите и да донесуваат информирани одлуки (две мапирани активности: мапирани активности 5 и 7).
- **Тема 4: Зајакнување на капацитетот за идентификување и водење на ранливите млади:** Активности со наставниците и општинскиот персонал насочени кон препознавање на знаците на ранливост кај младите и обезбедување соодветни насоки и поддршка (три мапирани активности: Мапирана активност 2 , 12 и 22 ).
- **Тема 5: Градење отпорност, разбирање на онлајн радикализација, говор на омраза и НЕ, спречување на врсничко насилство и патишта кои водат до екстремизам:** Активности со ученици, наставници, стручниот кадар во училиштата и вработените во општините насочени кон разбирање на онлајн радикализацијата, говорот на омраза и насилниот екстремизам, како и истражување на патиштата кои водат до радикализација начините на кои овие актери можат да понудат решенија за превенција и поддршка (девет мапирани активности: Мапирани активности 6, 10, 11, 15, 17, 18, 19, 21 и 23) 16 ГО.

Две мапирани активности (20 и 24) немаа информации за главната тема.

**Мапираните активности за П/СНЕ беа повеќеслојни, а форматот на активности** вклучуваше:

- **Обуки:** првенствено наменети за вработените во училиштата и општините, покривајќи теми како што се радикализација, знаци за рано предупредување, онлајн радикализација, стереотипи, предрасуди, говор на омраза и насилство. Се проценува дека од 2018 година во вакви активности учествувале приближно 541 наставник и 86 општински вработени од Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар.
- **Работилници:** Информативни состаноци и тематски работилници со учество на околу 200 родители за препознавање на знаците за радикализација и рано предупредување, и работилници со ученици на различни теми како што се разбирање на патиштата кои водат до радикализација, онлајн радикализација, говор на омраза, НЕ, стереотипи и предрасуди и медиумска писменост. Во овие активности беа ангажирани приближно 4.261 ученик во основните и средните училишта во Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар.
- **Публикации:** Изработка на прирачници на различни теми: информации за практичари од првата линија, како што се наставници и стручниот кадар во училиштата, со фокус на разбирање на радикализацијата и НЕ, справување со траумата и одговорот кој треба да го дадат наставниците и училиштето на вакви состојби, водич за сајбер безбедност и акциски план за локалните напори на П/СНЕ во општина Гостивар.
- **Настани за подигање на свеста:** Активности насочени кон поголемо разбирање на теми поврзани со П/СНЕ за младите и нивните родители. Според резултатите од мапирањето, од 2018 година околу 50.000 млади луѓе биле вклучени во активности во кои се промовира безбедносната агенда.
- **Настани во заедницата:** Колаборативни проекти помеѓу училиштата во заедницата за: вреднување на различностите, човековите права и мултикултурализам, уметнички проекти и простор за активности што им овозможуваат на учениците да ја изразат и искусат различноста. Во овие активности беа ангажирани приближно 198 ученици од 26 основни училишта од Скопје, Куманово, Тетово и Гостивар.
- **Поретко споменувани активности** вклучуваа форум театар и ликовни изложби на дела направени од ученици, што било во склоп на само една активност.

Скопје служеше како примарен целна локација на образовните иницијативи за П/СНЕ, со 19 активности кои првенствено беа насочени кон општините Чаир, Бутел и Гази Баба. Овие активности се проширија и во соседните рурални општини, особено оние што гравитираат кон Куманово. Во самиот град Куманово беа организирани 13 активности, што е потврда за неговата значајна улога во областа на П/СНЕ. Тетово беше домаќин на 10 активности, што укажува на забележливо присуство на иницијативи за П/СНЕ во оваа област. Во Гостивар, пак, се реализираа седум активности, што дополнително ја нагласува неговата важност во контекст на интервенциите во заедницата.

**Активностите беа насочени во 55 основни и средни училишта во избраните локации.** Забележано е дека повеќето од овие училишта се наоѓаат во Скопје, поточно во општините Чаир, Гази Баба и Бутел, што е согласно местото на живеење на поголемиот дел од СТБП. Сепак, беше тешко да се одреди точниот број на училишта поради недостигот на јасно идентификувани имиња на училиштата каде се реализираат некои од активностите. Во прилог е наведена општата распределеност на училишта според локацијата:

- Основни училишта во Скопје (Чаир, Гази Баба, Студеничани, Сарај) - (помеѓу седум и тринаесет субјекти).
- Основни училишта во Тетово (помеѓу четири и шест субјекти).

- Основни училишта во Куманово (помеѓу 15 и 18 субјекти).
- Средни училишта од Скопје од општините Чаир, Гази Баба и Бутел (вкупно седум субјекти) но и училишта лоцирани во други општини во Скопје (вкупно три субјекти), вклучително и едно приватно основно училиште во Скопје.
- Средни училишта во Куманово (вкупно пет субјекти).
- Две верски училишта во Скопје.

Некои училишта каде биле спроведени активностите се наоѓаат надвор од истражувачките области, и тука се основни училишта во општините Петровец, Струга, Штип, Кавадарци, Охрид, Битола, Пласница, Кичево и Чучер Сандево. Ова укажува дека Активностите за П/СНЕ не биле исклучиво имплементирани на локации поврзани со СТБ/СТБП.

Во Табела 2 се презентирани очекуваните резултати и крајниот производ од активностите.

***Табела 2. Очекувани резултати и крајниот производ од мапираните Активности за П/СНЕ***

| Очекувани резултати | Краен производ |
|---|---|
| 1: **Градење толеранција и зајакнување на капацитетот за навигација на разликите** | Подготвен промотивен видео материјал и организирани девет настани во заедницата (Мапирана активност 1) |
| | Работилници спроведени со 343 ученици на возраст од 14-18 години од Скопје, Тетово и Куманово (Мапирана активност 8) |
| | Организирани повеќе од 120 настани, во кои беа ангажирани над 2.000 ученици од основните и средните училишта на теми како што се вештини за доживотно учење, антидискриминација, ксенофобија, стигматизација, П/СНЕ, говор на омраза, радикализација, НЕ и културни разлики (Мапирана активност 9) |
| | Иницијативи за врсничко менторство за меѓуверски дијалог и спротивставување на верска радикализација за 50 ученици (Мапирана активност 17) |
| 2: **Борба против стереотипи и предрасуди** | Беше спроведена сеопфатна програма за обука и менторство за средношколците од општините Чаир, Гази Баба и Бутел (сите во Скопје), која се состои од еден модул за мултикултурализам, еден модул за креативни алатки кои се однесуваат на мултикултурализмот, еден модул за превенција од радикализација, еден модул за креативни алатки кои се однесуваат на превенција од радикализација, еден модул за менторство, едно видео за П/СНЕ насочено кон младите и биле создадени рачни изработки и слики од 258 средношколци од Скопје кои се дел од тематските модули. Дополнително, биле организирани два настани за ангажирање на заедницата, на кои учествуваа 54 средношколци од Скопје (Мапирани активности 3 и 4) |
| 3: **Зајакнување на критичко размислување за П/СНЕ** | Беше организирана интегрирана наставна програма за обука која се состои од шест модули и дванаесет еднодневни работилници за градење капацитети за 249 средношколци од Скопје и Куманово, со две работилници специјално фокусирани на радикализација и насилен екстремизам (Мапирана активност 5) |
| | Развиена онлајн платформа за П/СНЕ и младинска платформа составена од 30 младински ГО и 200 млади (Мапирана активност 7) |
| 4: **Капацитет за идентификување и водење на ранливи млади** | Беше развиена сеопфатна наставна програма за обука и беа организирани пет тематски работилници за градење капацитети, секоја во траење од три дена, наменета за 241 наставник од основните училишта во Скопје (вкупно 7), Тетово (вкупно 4) и Куманово (вкупно 15) (Мапирана активност 2) |
| 5: **Разбирање на концепти и теми во поширокото поле на П/СНЕ** | Беше произведена дигитална „Сериозна игра“ како алатка за едукација и обука за младите, за наставниците и лицата кои работат со младите на теми кои обработуваат социјални и економските прашања, вклучително и радикализација и онлајн радикализација (Мапирана активност 19) |
| | Беше спроведена основна проценка за подигање на свеста и градење на капацитетите, насочена кон користење на образованието за да се спречи младинската онлајн радикализација; Подготвен е Водич за сајбер безбедност и Документ за политики за одговор на онлајн радикализација: „За образовната политика за безбедност на интернет“ (Мапирана активност 21 ) |

**Мапирањето помогна да се утврдат клучните предизвици при спроведувањето на активностите,** кои може да се резимираат на следниов начин:

- **Проблеми со пристапот:** Ограничен пристап до целната група, особено децата на СТБП на настаните во заедницата, придружено со страв од соработка и општествена стигматизација.
- **Различни нивоа на знаење:** Различното ниво на знаење на целните групи го оневозможи ефикасното учество на сите.
- **Ниска мотивација и интерес:** Учениците покажаа ниско ниво на мотивација за пријавување на работилниците, и покажаа недоволен интерес за активно и посветено ангажирање во нив.
- **Финансиски ограничувања:** Недостиг на средства и чести промени на претставниците на институциите, што се одрази на стабилноста и долгорочната поддршка на активностите.
- **Јазични бариери:** Јазичната бариери меѓу различните етнички групи останува и понатаму, што ги комплицира напорите за комуникација и поголем ангажман.

**Главните лекции научени од имплементаторите на активностите,** кои беа наведени во активностите за мапирање, беа:

- **Редовно вклучување на целната група:** Многу е важно да се постигне поголемо и почесто вклучување на целната група во слични активности, наместо нивно еднократното вклучување.
- **Проширување на опфатот на училиштата:** Иницијативите за градење капацитети треба да се спроведуваат во сите основни и средни училишта во целните општини, а не само во оние кои изразуваат интерес.
- **Подобрен ангажман на социјалните медиуми:** Поголемо ангажирање низ платформите на социјалните медиуми е неопходно за да се допре до поширoccката публика.
- **Иновативни пристапи:** Работилниците, обуките и настаните во заедницата треба да имаат поиновативен пристап, кој би бил насочен кон привлекување на учесници.
- **Холистички и систематски пристап:** Потребен е холистички пристап, кој ќе се фокусира на крајните резултати наместо само на делумни решенија. Потребни се систематски решенија за ефикасно решавање на основните прашања на П/СНЕ.
- **Насочени стратегии за поголем опфат:** Развојот на насочени стратегии за поголем опфат - како што е разбирање на целната група и изработката на пораки кои ќе наидат на најдобар прием - се сметаше дека е клучно за ефективно ангажирање.
- **Подобрена координација со училишниот персонал:** Учениците треба да бидат избрани во координација со училишниот персонал за да се обезбеди подобро усогласување со потребите.
- **Координација на активностите кои следат:** Најважното за поголема одржливост и максимален ефект на спроведените активности е да се подобри координацијата на активностите кои следат – на пример, преточување на обуката во училишна практика и обезбедување менторство за да се олесни овој процес.

Овие предизвици и лекции ја нагласуваат важноста на стратешкото планирање, соработката помеѓу актерите во областа на П/СНЕ, кохерентноста на активностите, правилниот избор на локации и корисници и иновативните пристапи за ефективно спроведување на Активностите за П/СНЕ.

# 3.2 Наоди од соодветните прашања за евалуација

Во овој дел се резимирани клучните наоди од евалуацијата и се одговара на прашањата за евалуација. Секој под-дел започнува со слика на која се прикажани основните податоци поврзани со прашањата, проследени со релевантни придружни информации и детална анализа на прашањата.

## Критериум 1: Релевантност и квалитет на дизајнот на активностите

**ОПШТА ОЦЕНА:** → **67.2%** *(4-Генерално успешен)*

*Оцена на критериумот од* ***ГО:*** → **84.3%** *(5-Извонредно успешен)*

*Оцена на критериумот од* ***општините:*** → **69%** *(4-Генерално успешен)*

*Оцена на критериумот од* ***наставниците и стручниот кадар:*** → **48.7%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***креаторите на политики:*** → **66.7%** *(4-Генерално успешен)*

Мислењето на испитаниците, општо и во однос на нивната конкретна улога (ентитет) во истражувањето, по однос на прашањата за евалуација и односните критериуми, се прикажани подолу.




*Слика 4. Одговори на испитаниците на прашања за евалуација за Критериум 1: Релевантност и квалитет на дизајнот (во %, N=52)*

**Испитаниците во интервјуата генерално утврдија дека спроведените активности се релевантни и соодветни на нивните потреби, а нивните цели беа јасно соопштени на корисниците.** Иако потребите на различните целни групи можеби се разликуваат - на пример, ставот на креаторите на политиките за тоа што треба да се направи на терен можеби е различен од потребите на училиштата или на општините - генерално се очекува овие потреби да се надополнуваат една со друга. Севкупно, 88% од испитаниците одговориле позитивно на прашањето дали активностите за П/СНЕ дизајнирани за училишната средина се добро усогласени со локалните потреби, се

приспособени на локалните потреби и учесниците ги чувствуваат како свои (види Слика 4). Сепак, имаше мала разлика во перцепцијата на нивната важност кај ГО, општините, училиштата и креаторите на политиките. Сите претставници на ГО, како главни спроведувачи на активностите, без исклучок оценија дека активностите се одраз на локалните потреби (100% позитивен сентимент). За разлика од нив, 83% од вработените во општините, 82% од училиштата и 67% од креаторите на политики го делат овој став (види Слика 5).




*Слика 5. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите се дизајнирани да одговорат на релевантните приоритети и потреби и дали целите се јасно дефинирани (во %, N=52)*

Дополнително, 96% од испитаниците одговориле позитивно дека активностите го следеле и одговориле на развојот на локалната динамика за време на имплементацијата. Оваа перцепција беше потврдена од сите интервјуирани ГО и вработени во општините, како и од 94% од училишниот персонал и 67% од креаторите на политиките (види Слика 6).




*Слика 6. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите биле чувствителни и соодветни на локалниот контекст (во %, N=52)*

**Во фазата на дизајнирање, овие активности покажаа помала инклузивност.** Само 42% од испитаниците сметале дека утврдувањето на активностите било инклузивно, со вклучување на целните групи и релевантните засегнати страни, додека 44% сметале дека учеството е делумно овозможено (види слика 4). Граѓанските организации пријавиле повисоки нивоа на инклузивност, при што 80% се согласиле дека дизајнот е инклузивен, а

20% сметале дека е делумно инклузивен. Спротивно на тоа, училишниот персонал покажа помала согласност, па така 71% потврдиле делумна инклузивност, а 29% не се согласуваат. Општините исто така сметаат дека активностите биле помалку инклузивни, при што 33% се согласуваат, 58% сметаат дека се делумно инклузивни и 8% не се согласуваат (види Слика 7). Наставниците честопати зборуваа дека ГО давале готови предлози и имале специфична улога во рамки на проектите, и дека во некои случаи, обучените наставници го мултиплицирале знаењето преку организирање работилници со ученици на теми како насилство, стереотипи, исклучување, радикализација и онлајн радикализација.




*Слика 7. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите биле инклузивни, со вклучување и прашување на целните групи и релевантните засегнати страни (во %, N=52)*

Иако тимот за евалуација не бараше пристап до синџирот на резултати од логичката рамка за активностите, 92% од испитаниците сфатија дека постои логична врска помеѓу активностите и нивниот краен производ со очекуваните влијанија и ефекти. Наставник од Скопје (испитаник 41) ја нагласи релевантноста на овие активности, наведувајќи: „Да, активноста беше релевантна. И не само во моето училиште. Дури и да не постои таков ученик или семејство во моето училиште, ова мора да се спроведе во сите училишта. Сите училишта треба да бидат вклучени; утрешнината е непредвидлива. Денес можеби нема, но утре може да имаме ученик кој ќе има потреба“.

**Генерално, активностите се сметаа за усогласени со политиките на терен.** Сепак, само 58% од испитаниците потврдно одговорија дека активностите и нивните резултати се усогласени со политиките (види Слика 4). 75% од вработените во општините, 67% од креаторите на политиките и 65% од претставниците на ГО одговориле позитивно во споредба со 35% од вработените во училиштата (види Слика 8). Имено, само две ГО потврдија дека спроведуваат училишни активности на П/СНЕ без да се усогласат со постојните политики. **Вработените во училиштата често имаа потешкотии да ги поврзат активностите со политиките.** Шест вработени во училиштата беа во состојба јасно да ја објаснат оваа поврзаност, додека пет имаа само делумно знаење за тоа колку добро активностите се усогласени со политиките. Дополнително, 70% од познавачите на политиките се согласиле дека постои усогласеност, 26% нотирале делумно усогласување, а 5% сметаат дека не се согласуваат. Исто така, вреди да се напомене дека 17% од испитаниците изјавиле дека не се запознаени со политиките.




*Слика 8. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите и резултатите од активностите се конзистентни со политиките на терен (во %, N=52)*

Приближно 63% од испитаниците одговориле позитивно на прашањето дали активностите резултирале со краен производ, конкретен резултат и позитивно влијание врз агендата за спротивставување на радикализација и НЕ (види Слика 4). Во проценти, 80% од ГО, 67% од креаторите на политиките, 58% од општинскиот и 47% од училишниот персонал изјавиле дека активностите имале позитивно влијание врз агендата на политиките за борба против радикализацијата и НЕ. Сепак, ГО навеле дека немаат влијание врз агендата. Често наставниците и стручниот кадар имаа потешкотии да ги поврзат активностите со нивното влијание врз борбата против радикализација, при што 24% потврдија дека имаат делумни информации, а 29% дека воопшто немаат информации (види Слика 9).

**И резултатите во однос на усогласеноста и влијанието врз политиките ја нагласуваат потребата за подобра размена на информации помеѓу имплементаторите и корисниците.** Од клучно значење е да корисниците да разбираат како активностите за П/СНЕ во училиштата се усогласени со националните приоритети и напорите за превенција на НЕ, и како овие активности даваат резултати, конкретни решенија и на кој начин влијаат позитивно врз агендата за спротивставување на радикализација и насилен екстремизам. Дополнително, неопходна е засилена размена на информации помеѓу имплементаторите и креаторите на политиките за да се постигне подобро усогласување помеѓу политиките и практиките на терен.




*Слика 9. Одговори на испитаниците на тоа дали активностите произвеле резултати, конкретни решенија и позитивно влијаеле на агендата за спротивставување на радикализацијата и насилниот екстремизам (во %, N=52)*

Дополнително, само 37% од испитаниците потврдиле соработка помеѓу активностите и Националниот комитет за СНЕ/БПТ (види Слика 4). Меѓу нив, 65% од ГО и 33% од вработените во општините изјавиле дека имале соработка со комитетот за време на активностите. Повеќето креатори на политики (67%) беа свесни за формалната соработка помеѓу училишните активности и Комитетот (види Слика 10). Оваа соработка се движела од доставување податоци и информации за потребите на Комитетот до активно вклучување во проектните активности и напорите за градење капацитети. Сепак, ниту еден вработен во училиштата немаше информации за каква било соработка со Комитетот, што секако го зголемува јазот во споделувањето информации.




*Слика 10. Одговори на испитаниците дали има соработка помеѓу активностите и Националниот комитет за СНЕ/БПТ (во %, N=52)*

**Една од причините за неповрзаноста помеѓу релевантноста на активностите и мислењето на целните групи за важноста на активностите може да се припише на недостатокот на размена на информации за политиките на теренот, мотивот зад одредени активности, логиката на активностите, и вредноста на активно учество на засегнатите страни.** Повеќето активности беа дизајнирани и спроведени од ГО, првенствено во соработка со општините, бидејќи за пристап до училиштата и учениците беше потребно одобрение од општините. Иако Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образование играат клучна улога во одобрувањето на содржините кои ги користат наставниците и учениците, многу активности ги заобиколија овие институции, благодарение на партнерскиот однос со општините и училишното раководство. Еден од испитаниците - креатор на политики од образовниот сектор (Испитаник 50), изјави: „Во време кога нашите власти не прават доволно во оваа област, поддршката од граѓанскиот сектор кој директно работи со основните училишта е значајна. Честопати ни недостигаат информации затоа што граѓанските организации работат со општините преку меморандуми за соработка, а ние и Бирото немаме информации за активностите кои се одвиваат на терен". Ваков пристап ги остава настрана наставниците како корисници на активностите. Наставниците се само делумно вклучени во процесот на осмислување на активностите, што резултира во недостиг на информации и отсуство на ефективни механизми за давање повратно мислење, при што наставниците би можеле да изразат несогласување, загриженост или да поставуваат прашања за активностите.

*Накратко, активностите генерално се усогласени со постојните потреби на засегнатите страни и со приоритетите и политиките на национално и локално ниво. Тие ефикасно ја решаваат потребата училиштата да изградат отпорност против НЕ. Сепак, проектите не успеаја да поттикнат активно учество од корисниците, кои често беа ограничени на пасивни примачи на знаење или услуги. Бидејќи напредува степенот на*

*разбирање, капацитетот и одговорот на институциите за П/СНЕ, традиционалниот пристап кој се фокусира само на обука се смета за застарен и несоодветен. За да се подобрат идните активности, од клучно значење е да се вклучат препораки од засегнатите страни и да се искористат претходните искуства. Постои можност да се реплицираат или прошират успешните активности, со ставање фокус на иновации и поголема инволвираност на засегнатите страни за тие да ги чувствуваат како свои зацртаните цели, активности и очекуваните резултати.*

*Општата оцена на овој критериум е 67,2%, што укажува на перцепција на „Генерално успешен“. Сепак, овој успех се гледа различно кај различни засегнати страни. Граѓанските организации го оценија критериумот како особено висок, што ја одразува силната доверба во релевантноста и квалитетот на дизајнот на нивните иницијативи. Спротивно на тоа, општините ги оценија активностите како „Генерално успешни“. Ова укажува на позитивен став, иако малку порезервиран во споредба со ГО. Наставниците и стручниот кадар во училиштата сепак, изразија поголема скепса, со оцена дека активностите имаат „Умерен/мешан успех“. Ова несовпаѓање укажува на потенцијалните неусогласености во начинот како активностите се перцепирани од страна на корисниците. На крајот, креаторите на политиката го оценија критериумот како „Генерално успешен“.*

## Критериум 2: Избор на корисници на активностите

**ОПШТА ОЦЕНА:** → **47.7%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***ГО:*** → **50%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***општините:*** → **41.7%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***наставниците и стручниот кадар:*** → **32.4%** *(2-Низок успех)*

*Оцена на критериумот од* ***креаторите на политики:*** → **66.7%** *(4-Генерално успешен)*

Мислењето на испитаниците, општо и во однос на нивната конкретна улога (ентитет) во истражувањето, по однос на прашањата за евалуација и односните критериуми, се прикажани подолу.




*Слика 11. Одговори на испитаниците на прашањата за евалуација за Критериум 2: Избор на корисници на активностите (во %, N=52 )*

**Севкупно, 79% од испитаниците се изјасниле позитивно дека избраните географски области и училишта се соодветни за активности за П/СНЕ** (види Слика 11). Сите претставници на ГО, 67% од општините, 65% од училиштата и 67% од креаторите на политиките сметаат дека училиштата избрани за активностите за П/СНЕ се соодветни. Сепак, шест испитаници од училиштата (35%) и двајца од општините (17%) изразија сомневање за потребата од такви проекти во нивните локални средини, бидејќи тие не ги перципирале како особено ранливи на радикализација и НЕ (види Слика 12).




*Слика 12. Одговори на испитаниците за тоа дали избраните географски области и училишта се соодветни за активности за П/СНЕ (во %, N=52)*

Сепак, различните градови и групите испитаници имаа разнообразно мислење по однос на соодветноста на избраните училишта. Во Гостивар, иако сите ГО изразија позитивен сентимент за избраните училишта, 67% од вработените во општините и сите интервјуирани од училиштата не се согласија со ова, истакнувајќи дека избраните училишта не одговориле соодветно на ранливостите што треба да се решат со активности за П/ СНЕ (види Слика 13).




*Слика 13. Одговорите на испитаниците од Гостивар за тоа дали избраните географски области и училишта се соодветни за активности за П/СНЕ (во %, N=52)*

Состојбата во Куманово рефлектираше спротивставени ставови кај вработените во општината и ГО од една страна, и наставниците од друга страна. Сите испитаници од општината и ГО изразија позитивен сентимент за избраните училишта, сите наставници сметаа дека избраните училишта не одговориле соодветно на ранливостите што треба да се решат со активности за П/СНЕ (види Слика 14).




*Слика 14. Одговорите на кумановските испитаници за тоа дали избраните географски области и училишта се соодветни за активности за П/СНЕ (во %, N=52)*

Испитаници во Скопје и Тетово споделија поконзистентен ставов за тоа дали избраните училишта се соодветни и дали ги одразуваат локалните ранливости. Во Скопје, сите ГО, вработените во општините и училиштата позитивно ја оценија соодветноста на избраните училишта (види Слика 15). Слично на ова, во Тетово, сите ГО и училишниот персонал позитивно ја оценија соодветноста на избраните училишта, а со нив се согласија 67% од општинскиот персонал (види Слика 16).




*Слика 15. Одговори на испитаниците од Скопје за тоа дали избраните географски области и училишта се соодветни за активности за П/СНЕ (во %, N=52)*




*Слика 16. Одговори на испитаниците од Тетово за тоа дали избраните географски области и училишта се соодветни за активности за П/СНЕ (во %, N=52)*

Дополнително, поголемиот дел од испитаниците сметаа дека наставниците, директорите и другиот училишен персонал биле или само делумно (52%) или воопшто не биле (38%) вклучени во фазата на идентификување на ранливостите и осмислување на соодветни проекти (види Слика 11). Ваков став имаа и ГО, со мали разлики во мислењето за вклученоста на наставниците во обликувањето на активностите. Од 20 испитаници, 90% сметале дека наставниците биле само делумно вклучени, додека две ГО негираа каква било вклученост на наставниците и директорите. ГО информираа дека тие ги соопштувале активностите до општините, кои потоа обезбедувале повратна информација и одобрување за планираните активности во локалните училишта. Негативниот сентимент беше доминантен и кај наставниците и стручниот кадар, при што 82% изразија негативен сентимент а 18% амбивалентно мислење за нивната вклученост во утврдување на ранливостите во училиштето. Ниту еден од вработените во училиштето не пријави дека е активно вклучен во обликување на активностите кои треба да одговорат на овие ранливости. Само 17% од вработените во општините споделија позитивен сентимент за вклученоста на наставниците во фазата на идентификација, што е клучно за справување со ранливостите и соодветно дизајнирање активности (види Слика 17).




*Слика 17. Одговор на испитаниците на тоа дали училиштата биле вклучени во фазата на утврдување на ранливостите и соодветно дизајнирање на проектот за да се одговори на тие ранливости (во %, N=52)*

Интервјуираните испитаници од Тетово и Гостивар изразија најнегативен сентимент во однос на вклученоста на наставниците и директорите во фазата на утврдување активности за справување со ранливости и осмислување на истите. Сите испитаници од Тетово го делат ова чувство, споредено со 75% во Гостивар, 41% во Скопје и 38% во Куманово (види Слика 18). Интересно е што Тетово имаше висок позитивен сентимент за соодветноста на избраните училишта, вклучително и кај наставниците, но се изјаснија негативно во однос на тоа дали се директно вклучени во обликувањето на активности. Слично, во Скопје, и покрај согласноста дека избраните училишта се соодветни, тие потврдија дека недостига директно вклучување на наставниците и директорите во одредувањето на активностите што треба да се спроведат.




*Слика 18. Дистрибуција по градови на одговорите на испитаниците дали училиштата биле вклучени во фазата на идентификација за да се утврдат ранливостите и соодветно да се дизајнира проект за да се надминат тие ранливости низ градовите (во %, N=52)*

**Севкупно, се чини дека постоела пристрасност при вклучувањето, при што примарен критериум за избор на корисници е подготвеноста на општината да се вклучи во проектот, наместо постоење на вистинска потреба за активноста.** Претходните истражувања сугерираат дека поголемиот дел од СТБП во Северна Македонија биле на возраст од 20 до 40 години и првично живееле во поголемите урбани

центри како Скопје, Гостивар и Кичево[28], па се вратиле во нивните заедници откако биле репатрирани и издржувале затворски казни[29]. Вежбата за мапирање на активности за П/СНЕ откри поконцентрирана дистрибуција низ одредени градови (види под-дел 3.1 Наоди од активноста за мапирање, за повеќе информации):

- Скопје беше фокусна точка, со 19 активности кои првенствено ги таргетираа општините Чаир, Бутел и Гази Баба, а исто така се прошириjа и на соседните рурални општини, вклучително и оние кои гравитираат кон Куманово.
- Куманово доби 13 активности, што укажува на неговата значајна улога во областа на П/СНЕ.
- Тетово беше место на 10 активности, што укажува на забележително присуство на активности за П/СНЕ.
- Гостивар беше цел на 7 активности, што укажува на релевантноста на овој град во контекст на интервенции во заедницата.

Оваа распределба на активности ја одразува свеста на урбаните центри со повисока концентрација на лица кои порано биле вклучени во радикализацијата, но исто така ја препознава важноста за решавање на пошироката динамика на заедницата во овие области. Сепак, идните критериуми за селекција треба подобро да ја балансираат подготвеноста на општините со проценка на реалните потреби и ранливости во овие заедници во процесот на избор на целните локации и корисниците.

Се чини дека повеќето активности беа насочени кон Скопје, Куманово и Тетово, од каде потекнуваат повеќето СТБ. На овие локации, целните групи генерално изразија позитивни чувства во однос на соодветноста на активностите за П/СНЕ организирани во училиштата, и покрај различниот степен на констатирана директна вклученост на наставниците во идентификување на локалните ранливости. Спротивно на тоа, во Гостивар изборот на целните групи не бил најсоодветен, и вработените во општината и училиштата сметаа дека избраните училишта не се најсоодветен одраз на ранливостите што треба да се решат со активностите за П/СНЕ. Како резултат на тоа, некои целни групи или локации или сметаа дека нема потреба од активноста или недоволно ја разбираа нејзината потреба.

Креаторите на политики сметаа дека избраните општини биле соодветни цели за активностите, со оглед на нивната идентификувана ранливост на НЕ. Тие, исто така, го потврдија фокусот на младите во рамките на овие активности. Еден креатор на политики од Националниот комитет (Испитаник 51) забележа: „Ние сме концентрирани на овие три општини [Скопје, Гостивар и Куманово] од разбирливи причини, но треба да има поширок пристап. Превентивните активности треба да се прошират низ целата земја и да ги вклучат сите етнички заедници за да се изгради поголема отпорност“.

Сепак, ГО истакна дека вклучувањето на корисниците во голема мера е поттикнато од подготвеноста на општините да учествуваат. Вообичаено, првата контакт точка за спроведување на активностите на ГО се општината и секторот образование, обично откога ќе се додели проектот. Меѓутоа, бидејќи многу имплементатори се локални ГО, се смета дека тие веќе поседуваат локално знаење за потребите и приоритетите, што им овозможува да ги приспособат услугите и активностите во заедницата. Како што истакна член на општинскиот персонал од Скопје (Испитаник 45): „Бевме контактирани од ГО за вклучување во проектот и уште во рана фаза го поддржавме, сметајќи дека темите се

[28] Кичево не беше вклучено како целна локација во ова истражување. Само две од мапираните активности вклучуваа училиште/и или општината Кичево.
[29] Ванчоски, А., Шикова, Н., Муслиу, А. (2020). Подобро разбирање на феноменот на странски терористички борци (СТБ): Предизвици за рехабилитација, ресоцијализација и реинтеграција на повратниците и модераторите во РС Македонија. NEXUS Граѓански концепт. Достапно на: https://drive.google .com/file/d/1r0xpzlr8NA_36AAdOQQ0EZmuX-6lHdun/view [15.09.2024]

релевантни за учесниците и училиштата". Еден ученик од Тетово изјави: „Овие теми ретко се обработуваат во училиштата. Мислам дека само двајца или тројца мои соученици имаа можност да работат на овие теми преку проекти". Ова го одразува консензусот за потребата во иднина изборот на општините да биде пострaтешки, врз основа на идентификуваните ранливости, истовремено нагласувајќи ја потребата од поинклузивно и пошироко спроведување на превентивни мерки и активности за СНЕ во различните општини.

*Накратко, активностите генерално успеаја да изберат области врз основа на нивната ранливост. Сепак, имаше несразмерност во изборот на училишта со идентификувани ранливости и во вклученоста на наставниците во дизајнирањето активности за справување со тие ранливости. Скопје, Тетово и Куманово беа примарен фокус на активностите, а во Гостивар впечатокот беше дека чинителите не биле вклучени во осмислување на образовни активности за П/СНЕ и во комуникацијата. Очекувано, кога главните корисници не се соодветно информирани за утврдените ранливости или не се консултирани за тоа како да се решат локалните проблеми, наставниците и општините изразуваат поголемо двоумење и несигурност за тоа како одбраните активности се вклопуваат и усогласуваат со нивниот локален контекст.*

*Општата оцена на овој критериум укажува на перцепција на „Умерен/мешан успех". Тоа значи дека преовладува чувство на несигурност околу соодветноста на методот на селекција на географските области и училиштата, како и за вклучените претставници од училиштата во различните групи на засегнати страни. ГО и општините го оценија овој критериум како „Умерен/мешан успех", како потврда за таа значителна неусогласеност помеѓу проектите и локалните потреби. Училиштата генерално го оценија критериумот со „Низок успех". Овој понизок рејтинг може да укажува на ставот за несоодветен избор на училишта и наставници, како и нивно правилно воведување, што фрла сенка врз мислењето за дека е направен соодветен Избор на корисници на локации и училишта за наставни активности за П/СНЕ. Интересно е тоа што креаторите на политиките дадоа попозитивна оценка, „генерално успешно". Оваа разлика во перспективите ја нагласува потребата за понатамошен дијалог меѓу засегнатите страни за процесот на селекција и вклучување, особено од гледна точка на лицата кои се директно вклучени во образованието.*

## Критериум 3: Ефективност на активностите

**ОПШТА ОЦЕНА:** → **86.9%** *(5-Извонреден успех)*

*Оцена на критериумот од* ***ГО:*** → **100%** *(5-Извонреден успех)*

*Оцена на критериумот од* ***општините:*** → **95.8%** *(5-Извонреден успех)*

*Оцена на критериумот од* ***наставниците и стручниот кадар:*** → **85.3%** *(5-Извонреден успех)*

*Оцена на критериумот од* ***креаторите на политики:*** → **66.7%** *(4-Генерално успешен)*

Мислењето на испитаниците, општо и во однос на нивната конкретна улога (ентитет) во истражувањето, по однос на прашањата за евалуација и односните критериуми, се прикажани подолу.




*Слика 19. Одговори на испитаниците на прашања за евалуација за Критериум 3: Ефективност на активностите (во %, N=52)*

Мнозинството од интервјуираните испитаници (87%) сметале дека активностите ги постигнале своите предвидени цели и биле постигнати значајни резултати (98%) (види Слика 19). Врз основа на интервјуата со училишниот персонал, беше забележано дека активностите насочени кон градење на капацитетите на наставниците имале најголем ефект кога вклучувале интерактивни методи, практични стратегии, вежби со студии на случај и играње улоги. На овој начин наставниците полесно се стекнале со сеопфатно разбирање на темата и полесно ги примениле различните поими и концепти во училницата. Вклучувањето на психолози и експерти од областа како обучувачи, според извештаите, обезбедило вредни сознанија и го проширило разбирањето на наставниците за поширокиот контекст. Наставните ресурси, како што се прирачници, наставни планови и студии на случај, дополнително го олесниле интегрирањето на овие поими во секојдневната училишна работа. Некои од највредните аспекти на активностите, како што забележале интервјуираните наставници и стручен кадар, биле можностите за меѓусебно учење и менторство, кои ја помогнале транзицијата од обука кон примена во училницата. Еден испитаник, вработен во средно училиште во Гостивар (Испитаник 17) наведе: „Иако не им пристапувавме на темите директно, бидејќи учениците веднаш би се повлекле, индиректното отворање на темите ги направи поприфатливи. Проектот, иако презентиран како готов пакет, ни дозволи да избереме теми како толеранција, предрасуди, стереотипи и конфликти. Ова доведе до подигната граѓанска свест, третирајќи го очајот и разочараноста кај младите. Проектот беше успешен, учесниците сега се јавуваат како лидери во младински форуми и организации, и даваат свој придонес за поголема стабилност". Вработен во општина од Скопје (Испитаник 45) забележа: „Иако некои учесници, ученици и наставници веќе слушнале за темата, ова

беше првпат да работат одблизу и да го подобрат своето разбирање и капацитети за справување со оваа тема. Постои јасен интерес кај целните групи за подлабоко истражување на оваа тема. Како општина ја препознаваме важноста на овој дијалог и сме посветени на заедничка работа по ова прашање". Во иднина, постои потреба од постојан професионален развој, континуирана менторска поддршка и пристап до мрежа на експерти за да им се помогне на наставниците да останат во тек и ефикасно да се справуваат со предизвиците кои се менуваат. Учениците кои учествуваа во фокус-групите изјавија дека се вклучиле во активности за П/СНЕ на теми како што се радикализација, знаци за рано предупредување, онлајн радикализација, стереотипи, предрасуди, говор на омраза и насилство преку различни училишни активности. Тие вклучуваа часови по социологија и етика, дебати во ученичкиот парламент и тематски работилници. Според нив, овие активности биле осмислени за да ги едуцираат учениците за пошироките концепти на П/СНЕ и да ја подигнат свеста низ играње улоги, активности засновани на сценарија, примери од реалниот живот и дискусии. Ваквите методи им овозможиле на учениците да искусат и да дискутираат за ситуации од реалниот живот поврзани со екстремизмот, помагајќи им да развијат практични вештини за решавање на проблеми. Дополнително, учениците изработија материјали како брошури, постери и фотографии, давајќи свој придонес за кампањи за подигнување на свеста и едукативна содржина. 80% од учениците кои учествуваа во фокус-групите истакнаа дека нивната вклученост во овие теми значително го подобрила нивното разбирање за радикализацијата, НЕ и отпорноста. Тие ја препознаа важноста и релевантноста на овие прашања. Учениците позитивно се изразија за структурираниот пристап, кој вклучуваше едукативни сесии и отворени дискусии дизајнирани да ги предизвикаат предрасудите и стереотипите и да промовираат разбирање и меѓусебна почит. Понатаму, тие се чувствуваа посамоуверено при дискутирање на овие теми по активностите. Севкупно, учениците изразија желба за поголема употреба на дигитални медиуми и гејмификација за сложените теми за тие да станат подостапни и попривлечни. Активноста која посебно ја истакнаа беше обука на учениците да станат врснички едукатори, според претставник на граѓанското општество. Овие врснички едукатори беа оспособени да водат дискусии и работилници за своите соученици. Иако сега постои обучен кадар, останува да се види колку ефикасно ќе се применуваат овие активности во училишната средина.

**Испитаниците ја истакнаа поврзаноста помеѓу радикализацијата и другите значајни прашања како што се малтретирање, нетолеранција и говор на омраза.** Често вработените во училиштата наведуваа дека овие клучни теми се несоодветно обработени во формалната наставна програма, со што ваквите дополнителни работилници или вонаставни активности стануваат единствено место каде се отвораат значајни дискусии и се пренесува експертско знаење. Сепак, наспроти констатираната ефективност на овие активности, вработените во училиштата и општините забележаа дека **многу активности првенствено се фокусираат на остварување директен, краен производ, без понатаму да се следат состојбите за да се обезбеди долгорочно влијание** (во Делот 3.1 Наоди од активноста за мапирање се содржани повеќе информации за очекуваните резултати и крајниот производ). Вреди да се напомене дека иако 98% од сите испитаници позитивно ги перципираа резултатите од активностите, 76% од училишниот персонал посочија дека нема да се вклучат понатаму во ваков вид на активности (види Критериум 6 „Одржливост" за повеќе информации).

**Според испитаниците, вклученоста на родителите исто така била наведена како фактор што ја зголемил ефективноста на проектите во оваа област, при што најмалку две мапирани активности ги вклучиле родителите.** Учеството во активности за П/СНЕ им помогна на родителите да препознаат радикално однесување, да ги разберат патиштата до екстремизмот и да се справат со стереотипите.

За време на дискусијата во фокус група, родител од Гостивар забележа: "Имаше неколку предавања за екстремизам и радикализам, каде истражувавме како во општеството може да се зголеми нивото на екстремизам. Овие сесии беа првенствено наменети за обезбедување општи информации. Иако често ги слушаме овие термини, ретко ги разбираме нивните целосни импликации. Предавањата беа главно информативни и насочени кон превенција". Околу 60% од родителите кои учествуваа понатаму воделе дискусии за радикализација во рамки на нивните семејства и заедници. Некои активности првично не беа насочени кон родителите, но нивната свест се зголемила откога се вклучиле нивните деца, што довело до неочекувани придобивки. Родителите се чувствувале поудобно да бараат совет како да се отвори дискусија за овие прашања, а претставник на ГО (Испитаник 28) напомена дека се зачестила комуникацијата со родители кои бараат совети. И покрај овие активности, родителите често остануваат неинформирани за тековните училишни или општински програми кои го третираат НЕ. Мнозина сметаа дека нивната вклученост е ограничена поради логистички ограничувања и недоволно можности за пошироко учество.

Во согласност со високата воочена ефективност на активностите во постигнување на зацртаните цели, **повеќето испитаници (61%) изјавија дека не наишле на значајни фактори кои ги загрозуваат активностите или нивните планирани исходи (види Слика 19). Сепак, беа забележани неколку клучни предизвици.** Претставниците на ГО нагласија дека ограничените буџети и недостигот на интерес кај донаторите се главните пречки кои ја ограничуваат вклученоста на целните групи и го попречуваат постигнувањето на трајни резултати. Општините, кои имаат ограничени човечки ресурси и финансии, потешко се вклучувале во активностите. Дополнително, училишниот персонал извести дека во многу активности не се барало од обучуваните лица да го применат или пренесат своето ново знаење, со што овие знаења понатаму не се интегрирале во секојдневните училишни активности и помеѓу пошироката ученичка база. Постоеле и одредени административни пречки, при што некои училишта не ги ослободувале наставниците од часови за да учествуваат во обуки, со образложение да не се наруши реализација на наставната програма.

**Наставниците изразија загриженост за пристрасноста при изборот на учениците-учесници. Тие наведоа дека активностите често се фокусираат на ученици со повисоки постигања или на оние кои покажуваат мотивација, и понекогаш ранливите ученици, на кои им е потребна најголема поддршка, остануваат надвор од овие активности.** Како што наведе претставник од општина Гостивар (Испитаник 12), „Ние имаме тенденција да работиме со најдобрите ученици, што можеби не е секогаш најефикасниот пристап во таргетирање на ранливите деца". Претставник на ГО од Тетово (Испитаник 2) исто така се изјасни на оваа тема. „Овој проблем изгледа дека се повторува. Во иднина, треба да се развие пристап кој ќе вклучува поширок опсег на учесници. Конкретно, би било корисно да се вклучат млади луѓе кои не се активно вклучени во образовниот процес и да се инволвираат различни организации. На овој начин, можеби ќе успееме да ги надминеме овие пречки и да создадеме поинклузивна и поефикасна стратегија на активности", забележа претставник на ГО од Тетово (Испитаник 9). Дополнително, претставник на училиште од Куманово (Испитаник 22), ја истакна потребата од поголема вклученост на родителите, особено во однос на користењето интернет, истакнувајќи: "Родителите често не се свесни што прават нивните деца онлајн, и треба да се посвети поголемо внимание на подигнување на родителската контрола и вклученост".

**Наставниците, исто така, изразија загриженост дали се подготвени да дејствуваат ако идентификуваат прашања поврзани со екстремизам.** „Не сме обучени како да реагираме на ранливо дете, туку само ние сме обучени како да работиме на превенција. Ако идентификуваме загрижувачки знаци, треба да контактираме со полицијата, но врз наставниците се наметнува товар да се приспособиме на потребите на ранливо дете во

училишна средина, како прва линија на одговор во ваква состојба, а притоа имаме минимална обука", изјави наставник од Тетово (Испитаник 6). Дополнително, некои наставници се соочиле со недостиг на соработка од колегите во однос на споделувањето на знаења". Колегите од работа не се многу расположени да се ангажираат со знаењата стекнати од обуката, покажувајќи незаинтересираност или неутралност кон овие прашања", забележа наставник од Скопје (Испитаник 36).

**Предизвици се појавија и во училиштата,** при што учениците кои учат на различни јазици (македонски и албански) ретко имаат интеракција во рамки на редовната настава. Обидите за организирање заеднички часови за справување со овие меѓусекторски прашања наидоа на значителни тешкотии. Често чувствителноста на темата и потребата од суптилна дискусија создаваше бариери во дискусијата. „Неодлучноста или срамежливоста на луѓето, како и скептицизмот во врска со учеството претставуваа значителна пречка", забележа претставник на ГО од Гостивар (Испитаник 10), а овој сентимент го повтори и друг претставник на ГО од Гостивар (Испитаник 11), кој го истакна отпорот на општините и заедницата да го препознаат постоењето на проблемот со насилниот екстремизам.

**Генерално, испитаниците сметаа дека активностите постигнале директни резултати.** Клучно за постигнување на овие резултати беа ефективната комуникација и соработка помеѓу општините, наставниците и училишната управа, стручноста на проектните тимови и обучувачите, насочениот пристап со добро дефинирани правила на вклучување, јасно осмислените активности и нивниот логички редослед, како и методите кои беа прилагодени на целните групи. Наставник од Гостивар (Испитаник 15) нагласи: "Кохезијата помеѓу училиштата, локалната самоуправа и централната власт беше од суштинско значење; без ова напорите ќе беа залудни. Ако наставниците не ги обработуваат овие теми редовно, работата на локалната самоуправа исто така би била неефикасна". Слично, наставник од Тетово (Испитаник 8) изјави: "Вистинската соработка помеѓу директорот, педагошката служба, општината и родителите беше клучен фактор за позитивни резултати". Друг член на училишниот персонал од Тетово (Испитаник 6) додаде: „Успехот зависеше од добро осмисленото вмрежување, јасната програма и ефективните механизми за давање повратни информации". **Сепак, мотивацијата на учениците се истакна како особено значаен фактор.** „Единството и ентузијазмот на младите беа клучни. Иако имаше отпор во некои области, поддршката од родителите и континуираниот ангажман со младите нè мотивираше. Научивме дека младите можат да бидат двигатели на општествените промени", истакна претставник на ГО од Тетово (Испитаник 9). „Активностите во кои беа комбинирани образованието и играта и беа спроведени надвор од училницата беа особено ефективни", забележа претставник на општината од Скопје (Испитаник 29). Дополнително, вработен во општината од Скопје (Испитаник 35) истакна дека „интерактивната природа на активностите, подготвеноста на учениците да научат нови работи и соодветното времетраење направија значајна разлика".

**Сепак, неадекватната координација помеѓу актерите во системот и недостатокот на финансии за идни иницијативи може да го попречат нивното долгорочно влијание.** „Нема систем за мониторинг по завршување на проектот, ниту рамка за поддршка на тековните активности и за проценка на променливите потреби на целните групи, и ова ја поткопува одржливоста на проектите", истакна претставник од училиште во Куманово (Испитаник 23)". Потребна е поголема координација од страна на општината за ангажирање на наставниците и другите засегнати страни за да се продолжат и прошират овие активности. Училиштата обично работат без помош од донаторите, што ја отежнува уште повеќе можноста да се одржат ваквите иницијативи. Нашите ученици остануваат многу заинтересирани за овие теми", дополнително истакна истиот училишен претставник. Слично на ова мислење, претставник на ГО од Скопје (Испитаник 49) нагласи: „Нема институционална меморија или систем за

надградба и одржување на овие напори". „Мислам дека треба да продолжи и да се опфатат сите ученици и наставници, бидејќи тие не се обучени да ги препознаавaат овие прашања. Ние го споделивме нашето знаење со други, но ако нема обврска тоа да се пренесе понатаму, ефектот е неизвесен", истакна претставник на училиште од Тетово (Испитаник 6). Друг претствник од училиште од Гостивар (Испитаник 17) додаде: „Немаме доволна поддршка од директорите или училишната управа. Тие не дозволуваат наставниците да присуствуваат на обуки, што влијае врз континуитетот на наставата. Управата треба да биде подобро подготвена да ја препознае важноста на овие проекти".

**Учениците кои дискутираа во фокус групите предложија да се подобри форматот на работа.** Тие изразија желба за попрактично учење засновано на случаи и интерактивни методи за да се продолжи ангажманот, бидејќи сметаат дека традиционалните предавања се помалку ефикасни во задржување на интересот. Според учениците, тековниот пристап, кој вклучуваше комбинација од презентации и практични активности, беше корисен, но може да се подобри со вклучување на поконкретни примери и интерактивни елементи. Исто така, учениците истакнаа потреба од безбеден простор каде што можат да учествуваат во отворена и конструктивна дискусија на овие теми. Тие ја потврдија клучната улога на училиштето, но забележаа дека на некои наставници и стручни служби им недостасуваат потребните вештини и мотивација. Препорачаа наставниците да бидат повеќе ангажирани и поддржувачки настроени. Дополнително, учениците се согласија дека дискусијата на овие теми треба да започне дома, бидејќи родителите играат клучна улога во раното образование и превенција. Учениците сметаат дека родителите треба да бидат поактивно вклучени и подобро информирани за овие прашања.

*Севкупно, активностите беа перцепирани како ефективни во зајакнување на локалните капацитети, воспоставување модели за работа и комуникација помеѓу учениците, училишниот персонал, општините и граѓанските организации, како и за поставување на темели за тековните напори за П/СНЕ во земјата. Вклученоста на родителите помага да се постигнат целите на активноста. Сепак, локалниот и националниот контекст остануваат да бидат предизвик, карактеризиран со разорните ефекти на НЕ врз заедницата и недостатокот на финансии. Препознавањето на локалниот контекст, третирањето на релевантни теми во областа на П/СНЕ за целните групи, акцентот на јакнење на човечките капацитети, вклучување на локалните ГО, поттикнувањето на партнерски однос со засегнатите страни и јасното дизајнирање на активностите, сето ова придонесе за поголема легитимност и ефективност на иницијативите. Сепак, иницијативите повеќе се фокусираа на непосредниот производ отколку на создавање на средина во која ќе се постигнуваат трајни ефекти. Недоволниот трансфер од обуките во училницата, недоволното вмрежување, менторство и поддршка за наставниците, заедно со рутинските обрасци на дејствување на наставниците и учениците, беа посочени како прашања кои го поткопуваат постигнувањето на целите.*

*Критериумот 3 беше категоризирана како „Извонреден". Забележително е што ГО дадоа совршена оценка од 100%, што укажува на силна усогласеност со целите. Вработените во општините исто така, изразија висок степен на перцепирана ефективност, нагласувајќи го позитивниот прием на иницијативите. Училишниот персонал дополнително ја нагласи ефикасноста на активностите. Од друга страна, креаторите на политики ги оценија критериумите малку пониско, како „Генерално успешни". И покрај високите оценки кои укажуваат на ефикасноста на активностите, останува загриженоста дека фокусот е повеќе на излезни резултати, наместо на постигнување подолгорочни придобивки од активностите. Иако податоците рефлектираат силна перцепција на успех помеѓу засегнатите страни, оваа перцепција често ја карактеризира фокусот на активностите врз непосредни резултати, наместо да се работи на долгорочни придобивки за учениците и наставните практики.*

*Наставниците посочија дека постои значителен недостаток на механизми за мониторинг и евалуација за да се процени како овие активности се интегрираат во наставните програми. Без соодветен надзор, тешко е да се утврди дали вештините и знаењата стекнати за време на обуките се ефективно вградени во секојдневните наставни практики. Овој јаз значи дека придобивките од активностите можеби нема да допрат до учениците на посакуваниот начин. Дополнително, фокусирањето исклучиво на излезните резултати, како што се бројот на спроведени работилници или изработени прирачници, не ги третира подлабоките елементи на промените во однесување и градење на отпорност кај учениците. Без концентриран напор за следење, евалуација и прилагодување на овие активности во училишниот систем, високите оценки може да ги прикријат слабостите кои се однесуваат на нивната применливост и влијание во реалниот свет.*

## Критериум 4: Ефикасност на активностите

**ОПШТА ОЦЕНА:** → **48.4%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***ГО:*** → **57.5%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***општините:*** → **50%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***наставниците и стручниот кадар:*** → **52.9%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***креаторите на политики:*** → **33.3%** *(2-Низок успех)*

Мислењето на испитаниците, општо и во однос на нивната конкретна улога (ентитет) во истражувањето, по однос на прашањата за евалуација и односните критериуми, се прикажани подолу.




*Слика 20. Одговори на испитаниците на прашања за евалуација за Критериум 4: Ефикасност на активностите (во %, N=52 )*

**Активностите генерално можеа да се справат со предизвиците за време на нивното спроведување, при што 98% од испитаниците се согласија за оваа точка** (види Слика 20). Граѓанските организации се пожалија на потешкотии во мотивирање на наставниците, учениците и локалниот персонал, во обезбедување и одржување на поддршка од општините и справувањето со логистичките и финансиските потешкотии. Промените во политичкото управување на национално и локално ниво предизвикаа промени во локалната динамика на моќ или недостиг на усогласеност и институционална координација помеѓу властите. На учениците понекогаш им беше тешко отворено да разговараат за прашања како што се НЕ и радикализација во текот на активностите, поради недостиг на доверба и подготвеност. Контра-стратегиите кои ги применија ГО вклучуваа обезбедување менторство за да им се помогне на наставниците да ги применат новите знаења во училницата (една мапирана активност), градење партнерства со општинските власти и комуницирање како целите на проектот се усогласени со нивните приоритети (сите мапирани активности). Тие, исто така, покажаа како активностите го поддржале развојот на заедницата и ги истакнаа придобивките и резултатите преку настани во заедницата, успешни приказни и податоци (две мапирани активности). На пример, беше потенцирано позитивно влијание на обуката за справување со детска траума, што го нотираше наставник кој бил директор и каде имало ученик од семејство на повратници. ГО, исто така, вложувале во градење доверба и создавање безбеден простор каде учениците можат да се дружат, учат и работат заедно (сите мапирани активности), ги подготвиле учениците за дискусија преку оспособениот училишен персонал (четири мапирани активности насочени кон ученици и наставници), примениле интерактивни методи и промовирале врсничко учење (сите мапирани активности).

Дополнително, повеќето испитаници (67%) не беа сигурни дали овие предизвици ќе продолжат. Само мал процент од испитаниците (4%) биле уверени дека предизвиците ќе останат, додека 8% верувале дека ситуацијата ќе се подобри. Скромен процент (21%) сметаа дека некои од овие ограничувања ќе опстојат (види Слика 20). Кај сите целни групи постоеше широко распространета неизвесност во однос на идните предизвици за активностите за П/СНЕ. Повеќето од вработените во ГО (55%), вработените во општините (58%), училиштата (82%) и креаторите на политики (100%) немаат мислење дали овие предизвици ќе се појават и во иднина. Само 10% од ГО беа сигурни дека предизвиците ќе продолжат, додека 15% од ГО и 6% од училишниот персонал сметаа дека предизвиците нема да бидат присутни во идни проекти (види Слика 21).




*Слика 21. Одговори на испитаниците за тоа дали идни проекти во оваа област би се соочиле со предизвици (во %, N=52)*

*Како резиме, ГО генерално успеаја да се справат со предизвиците за време на нивната имплементација на активности за П/СНЕ во училиштата и спроведоа неколку контрастратегии. Успешното справување со некои постојани предизвици во системот на локално и национално ниво би можело да влијае врз ефикасноста на идните проекти. Сепак, генерално, испитаниците не беа сигурни како овие предизвици можат да влијаат врз идните напори и активности.*

*Ефикасноста на активностите беше категоризирана дека има „Умерен до мешан успех“.. ГО, вработените во општините и училиштата беа согласни дека е постигната умерена ефикасност. Сепак, креаторите на политиките ги категоризираа активностите како активности со „Ниска“ ефикасност. Оваа разлика сугерира критична потреба за подобар екосистем на координација, соработка, градење партнерства, финансирање и можност да се пренесат активностите како и пошироките стратешки цели на политиките во реалноста на училишната средина.*

## Критериум 5: Кохерентност и поврзаност на активностите

**ОПШТА ОЦЕНА:** → **22%** *(2-Низок успех)*

*Оцена на критериумот од* ***ГО:*** → **35%** *(2-Низок успех)*
*Оцена на критериумот од* ***општините:*** → **16.7%** *(1-Многу низок успех)*
*Оцена на критериумот од* ***наставниците и стручниот кадар:*** → **16.5%** *(1-Многу низок успех)*
*Оцена на критериумот од* ***креаторите на политики:*** → **20%** *(1-Многу низок успех)*

Мислењето на испитаниците, општо и во однос на нивната конкретна улога (ентитет) во истражувањето, по однос на прашањата за евалуација и односните критериуми, се прикажани подолу.




*Слика 22. Одговори на испитаниците на прашања за евалуација за Критериум 5: Кохерентност и поврзаност на активностите (во %, N=52)*

**Активностите покажаа недоволна поврзаност во рамки на истиот ентитет.** Приближно 48% од испитаниците наведоа дека проектот не воспоставил врски со други иницијативи во истиот ентитет, додека 35% сметаат дека такви врски постоеле (види Слика 22). Оваа перцепција за недоволна поврзаност беше особено изразена кај наставниците и стручниот кадар, при што 94% од нив тврдеа дека активностите во нивните училишта не биле меѓусебно поврзани. Оваа состојба ги нагласува претходните согледувања за влијанието на одлуките на локалната самоуправа за тоа кои проекти добиваат поддршка, како и улогата на наставниците, кои често се вклучени во однапред дизајнирани активности, со ограничена можност да внесат промени. Спротивно на тоа, претставниците на ГО имаа поповолен став, при што 70% веруваат дека активностите на оваа тема во рамки на истиот ентитет биле меѓусебно поврзани. Забележително е дека сите интервјуирани креатори на политики (двајца од образовниот сектор и еден поранешен член на Националниот комитет за СНЕ/БПТ) не беа во можност да коментираат како активностите се усогласени со стратешката ориентација на спроведувачите. Овој недостаток на увид ја нагласува неадекватната соработка помеѓу субјектите кои работат на ова поле и Националната комисија, како и на отсуството на вертикална и хоризонтална институционална координација (види Слика 23).




*Слика 23. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите воспоставиле меѓусебна поврзаност со други иницијативи од истиот ентитет (во %, N=52)*

Ваквите согледувања не се изненадувачки, со оглед на податоците од другите критериуми кои покажуваат дека главно училиштата, но често и општините, имале ограничено знаење за тоа како се развивале активностите. Овие клучни чинители не биле вклучени ниту во осмислување или планирање на активностите, ниту во идентификување на ранливите точки на кои активностите требало да одговорат. Оваа недоволна вклученост го ограничила влијанието на училиштата врз усогласувањето на проектите со нивните тековни иницијативи. Ваквите согледувања не се изненадувачки, со оглед на податоците од другите критериуми кои велат дека главно училиштата, но често и општините, имале ограничено знаење за тоа како се развивале активностите. Овие клучни засегнати страни ниту беа вклучени во дизајнирањето или планирањето на активностите ниту во идентификувањето на слабостите кои активностите требало да ги решаваат. Овој недостаток на вклученост ја намали можноста на училиштата да ги усогласат проектите со нивните тековни иницијативи.

**Генерално, испитаниците истакнаа и недостаток на кохерентност помеѓу активностите и другите проекти во истиот контекст.** Поконкретно, 40% од испитаниците забележале дека немало усогласеност помеѓу нивните активности и оние на другите чинители, додека 44% сметаа дека активностите делумно биле кохерентни со останатите (види Слика 22). Дури и ГО изразија критика, при што 80% наведоа дека нивните активности биле само делумно усогласени со другите тековни напори (види Слика 24). Вработените во општините (50%) и училиштата (65%) исто така се пожалија на недоволна кохерентност на локално ниво, со што го потврдија овој проблем. Интересно е што креаторите на политиките генерално беа позитивни по ова прашање, при што 67% изјавија дека постои кохерентност меѓу различните актери. Еден креатор на политики во областа на образованието забележа: „Би ја оценил кохерентноста меѓу вклучените актери како задоволителна. Иако повеќето активности се одвиваат на локално ниво, тие се усогласени со националната стратегија и акцискиот план" (Испитаник 52). Овој позитивен став може во голема мера да се припише на нивното пошироко разбирање за тоа како различните проекти се вклопуваат во поголемата слика на П/СНЕ. **Ова укажува на значителен предизвик во постигнувањето на кохерентност меѓу различните чинители, дополнително влошен од институционалната неусогласеност и недоволната комуникација меѓу актерите за активностите на локално ниво.**




*Слика 24. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите биле кохерентни со проектите на другите чинители во истиот контекст (во %, N=52)*

**Општо земено, активностите беа перципирани како уникатни и посебни, и дека секоја дала придонес со својата вредност без дуплирање на напорите.** Значителни 69% од испитаниците посочиле дека активностите не се преклопуваат една со друга, додека 13% потврдиле дека имало некои случаи на активности кои се преклопуваат. Истовремено, 13% од испитаниците не можеле да дадат мислење поради недоволни информации за пошироките активности во локалниот контекст или за конкретната тема (види Слика 22). Со мапирање на активностите за П/СНЕ во четирите целни локации се констатираа случаи на реплицирање на активности на различни места. На пример, работилници за патиштата кон радикализација беа спроведени и во Скопје и во Куманово како дел од поширок проект. Дополнително, имаше повеќе обуки и работилници за истата целна група (наставници и родители), кои третираа теми поврзани со радикализација, како што се патиштата кон радикализација и знаците за рано предупредување. Сепак, тешко е да се утврди дали ова реплицирање или дуплирање на методи имало исклучиво негативни ефекти, како што е неефикасно користење на средства и човечки ресурси или, дали придонело со некоја додатна вредност за целните групи и заедниците.

**Напорите за поттикнување партнерства и подобрување на влијанието на поврзаните проекти и политики беа разгледани критички.** 50% од испитаниците сметале дека активностите не се надополнувале меѓусебно, додека 37% имале мешано мислење по ова прашање (види Слика 22). Забележително е дека само еден испитаник од ГО изјавил дека нивната активност ефективно ги надополнила резултатите од другите проекти и политики. Во согласност со овој став, поголем дел од вработените во училиштата (71%) и општините (67%) изразиле скептицизам во врска со степенот на комплементарност помеѓу активностите (види Слика 25).




*Слика 25. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите го надополниле и/или го подобриле ефектот на други поврзани проекти и политики (во %, N=52)*

Дополнително, само 10% од испитаниците сметале дека активностите успешно создале синергии и партнерства со други сродни проекти. Во меѓувреме, речиси половина (46%), имале амбивалентно мислење за тоа дали за време на активностите имало соработка (види Слика 22). Иако 24% од училишниот персонал потврдиле дека имало придобивки во поттикнувањето синергии и партнерства, наспроти нив, 71% од вработените во училиштата се произнеле негативно по ова прашање. 71% од испитаниците се произнеле негативно по ова прашање, што е многу повисок процент од сите други засегнати страни. Спротивно на тоа, само 5% од ГО пријавиле слични придобивки од активностите (види Слика 26). Партнерствата кои поттикнале синергии со другите актери првенствено произлегле од учеството на обуки, со што се олеснило ширењето на професионални мрежи. Ваква соработка отворила можности за работа со училишта со кои инаку не би соработувале, и соработката се зацврстила преку разни настани во заедницата.




*Слика 26. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите донеле синергии и партнерства со други сродни проекти и политики (во %, N=52)*

**Општо земено, иако според исказите, локалниот капацитет бил и развиен на оваа тема, немало позначаен поттик на поструктурирани односи и рамки за соработка помеѓу актерите.** Како што истакна вработен во училиштето од Куманово (Испитаник 21), „Кохерентноста во голема мера отсуствува на институционално ниво за основните образовни аспекти, а општо за овој контекст не мислам дека ќе се појави сама по себе. Ние всушност имаме сериозен проблем со кохерентноста во практиката".

**Развиениот локален капацитет и знаења кај наставниците, учениците, општините, ГО останува изолиран и добива минимално внимание од институционалните субјекти.** Креатор на политики од Националниот комитет за СНЕ/БПТ (Испитаник 51) забележа: „Неразумно е да се каже дека соработката е одлична; на скала од еден до пет, оценката е три. Граѓанскиот сектор треба да работи на анимирање на јавноста и актерите за да го подобри квалитетот и да ја направи понудата разновидна. Соработката може да се зајакне со градење доверба и проширување на хоризонтите на соработка. Во однос на кохерентноста, таа постои до одреден степен, но мора да се подобри, пред сѐ во комуникацијата и координацијата со локалните власти". Слично на ова, вработен во училиште од Скопје (Испитаник 34) изрази желба за проактивно ангажирање: „Гледам пасивност; би сакал да видам повеќе волја и соработка помеѓу различните субјекти [општини, ГО, училишта, креатори на политики] на локалната и националната сцена кои работат на оваа тема".

*Генерално, очигледни се отсуствата на кохерентност, партнерства и синергии меѓу актерите. Институциите во ова поле не функционирале како кохезивни тела за координација каде ефективно би можеле да се интегрираат информации за активностите за П/СНЕ во локалните училишни средини. Фактори кои придонеле за оваа некохерентност се недостатокот на институционални капацитети, политизацијата и недовербата помеѓу структурите на национално и локално ниво, како и меѓу различните актери во граѓанскиот сектор. Како резултат на ова, потенцијалот за постигнување поголемо социјално влијание е делумно поткопан поради акцентот кој се става на квантитет на активностите и бројот на учесници, наместо на градење посилни сојузи и мобилизирање на актерите за поефективно справување со овие прашања.*

*Севкупните оценки на Кохерентноста и поврзаноста на активностите укажуваат на „Низок успех", и за ова постои општ консензус меѓу сите засегнати страни. Според оценката на ГО, активностите се со ниска кохерентност и поврзаност, додека општините и училиштата имаа уште пониски оценки, категоризирајќи го успехот како „многу низок". Креаторите на политики го потврдија овој став, и изразија значителна загриженост за кохерентноста и поврзаноста на иницијативите. Ова мислење на сите укажува на загрижувачки недостаток во постигнувањето на саканата кохерентност помеѓу различните имплементатори. Затоа се нагласува потребата да се надмине расцепканиот пристап, и корисниците во заедницата да се ангажираат повеќе да се олесни споделувањето на информации меѓу имплементаторите.*

## Критериум 6: Одржливост (актуелна и потенцијална одржливост)

**ОПШТА ОЦЕНА:** → **28.9%** *(2-Низок успех)*

*Оцена на критериумот од* ***ГО:*** → **43.8%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***опшините:*** → **20.8%** *(1-Многу низок успех)*

*Оцена на критериумот од* ***наставниците и стручниот кадар:*** → **17.6%** *(1-Многу низок успех)*

*Оцена на критериумот од* ***креаторите на политики:*** → **33.3%** *(2-Низок успех)*

Мислењето на испитаниците, општо и во однос на нивната конкретна улога (ентитет) во истражувањето, по однос на прашањата за евалуација и односните критериуми, се прикажани подолу.




*Слика 27. Одговори на испитаниците на прашањата за евалуација за Критериум 6: Одржливост на активностите (во %, N=52)*

**Одржливоста во голема мера зависи од приоритетите на националните и локалните политики, како и од покажаната мотивација и личните залагања за активностите. Половина од испитаниците потврдија дека има некои изгледи да продолжи работата во областа П/СНЕ во иднина,** при што 40% покажаа позитивен став кон идејата, а 19% имаа амбивалентно мислење во однос на изгледите да продолжи ваквиот вид на работа (види Слика 27). Одговорите исто така укажаа дека различните засегнати страни имаат различно гледање во врска со идните можности, при што мнозинството (80%) од ГО беа позитивни во однос на продолжување на работата во оваа тематска област, додека 15% изјавија дека не гледаат перспективи за продолжување на ваквата работа. Дополнително, половина од вработените во општините (50%) имале амбивалентно мислење за изгледите за продолжување на вакви активности во нивната општина. Највпечатливата статистика беше кај училиштата, при што само 6% беа позитивни во однос на перспективите да продолжат активностите на оваа тема, 18% беа амбивалентни, а дури значителни 76% изјавија дека нема изгледи да продолжат вакви активности во училиштето (види Слика 28). Оваа неизвесна перспектива се припишува на неколку фактори, вклучувајќи ограничено финансирање, недостаток на координација меѓу засегнатите страни и недоволни докази за долгорочно влијание, кои придонесуваат за, генерално, мрачната слика за иднината на иницијативите за П/СНЕ.

Вработените во училиштата рекоа дека и покрај учеството на неколку сесии за обука на П/СНЕ, недостатокот на разновидни формати за учење, како и еволутивната природа на темата - често неадекватно рефлектирана во начинот на кој е претставена во активностите - ја отежнуваат ефикасната примена на овие поими во училницата. Дополнително, активностите не биле доволно флексибилни за во нив да се интегрираат коментарите на наставниците и стручниот кадар во училиштата, како одговор за релевантноста. Некои испитаници забележаа дека прашањата како што се исклучување, говор на омраза и онлајн малтретирање бараат поитно внимание од училиштата и креаторите на политиките. Сепак, останува клучното прашање, а тоа е како ефикасно да се адресираат овие прашања преку ангажирање на наставни формати, врсничко учење и поддршка преку менторство за учениците и наставниците, што како активност не би била еднократна.




*Слика 28. Одговори на испитаници за тоа дали субјектот ќе продолжи со активности за П/СНЕ во иднина (во %, N=52)*

**И покрај неизвесните перспективи да се продолжи со работа на П/СНЕ во училиштата, 71% од испитаниците тврдат дека ефектите од активностите за П/СНЕ траат и по завршување на проектот** (види Слика 27). Засегнатите страни генерално се согласија дека придобивките од учеството во активностите траат и по нивното завршување. Поточно, 80% од ГО, 67% од општинскиот персонал, 65% од училишниот персонал и 67% од креаторите на политики одговориле позитивно во врска со подолготрајните придобивки на активности за П/СНЕ (види Слика 29). Сепак, иако ГО спроведувале евалуации (обично засновани на крајните резултати) во кои биле потцртани овие придобивки, вработените во општините и училиштата, како и креаторите на политики, забележале дека придобивките кои се спомнуваат повеќе се на ниво на лични искуства отколку на ниво на систематско мерење.




*Слика 29. Одговори на испитаниците на тоа дали придобивките за засегнатите страни продолжиле по реализација на активностите (во %, N=52)*

Претставниците на граѓанските организации, општините и училиштата за време на интервјуата го потврдија следново:

- Училиштата во Скопје, Куманово, Гостивар и Тетово имаа корист од работилниците и обуките, кои ја олеснија меѓуетничката комуникација, ги подобрија односите меѓу учениците од различно потекло и ја зајакнаа соработката меѓу училишниот персонал. Ова беше потврдено од страна на ГО и нивната евалуација на активностите, како и од повратните информации од интервјуираните наставници и ученици кои учествуваа во фокус групите.
- Учениците кои учествуваа во работилници и летни кампови покажаа подобрена способности за критичка анализа на информациите, потпирање на проверени извори и оспорување на дезинформации. Ова беше потврдено од страна на ГО и нивната евалуација на активностите, како и од повратните информации од учениците кои учествуваа во фокус групите.
- Учениците кои учествуваа на работилници, летни кампови и настани за подигнување на свеста покажаа зголемено знаење за НЕ и подобро разбирање на ефикасните одговори на онлајн радикализација и говор на омраза. Ова беше потврдено од граѓанските организации и нивната евалуација на активностите, како и од повратните информации од учениците кои учествуваа во фокус групите.
- Учениците и наставниците вклучени во кампањите за застапување и подигнување на свеста го проширија своето знаење за прашања поврзани со човековите права, вклучувајќи ги принципите на еднаквост и правото на образование во безбедна, недискриминаторска и инклузивна средина. Ова беше особено важно за децата на повратниците и беше потврдено од страна на ГО и нивната евалуација на активностите, како и од повратните информации од интервјуираните наставници и ученици кои учествуваа во фокус групите.
- Најмалку 48 училишта беа опремени со компетентен кадар и механизми за поддршка (како што се прирачници, истражувања, планови за час итн.) за работа со ранливи млади и нивните родители, како што е забележано при мапирањето на активностите за П/СНЕ.
- Сепак, ниту една граѓанска организација, општински или училишен персонал, не изјави дека учествува во континуирано следење или евалуација – што би било индикатор за долгорочно влијание. За некои ГО, ова се должеше на краткотрајноста

на активностите, додека други имаа поинакви предизвици, како што е мобилност на училишниот персонал или потешкотии во следење на учениците откако ќе завршат училишните активности. Само еден наставник од Гостивар спомена дека забележал како обучените ученици преземаат лидерски улоги во заедницата.

**Се чини дека активностите за П/СНЕ беа насочени кон постигнување на трајни придобивки за чинителите преку поттикнување на меѓукултурно разбирање, намалување на предрасудите, зајакнување на критичкото размислување и оспособување на засегнатите страни преку различни активности, формати за учење и нивоа на ангажираност.** Ученик од Гостивар забележа: "Примарното влијание произлезе од нашиот фокус на критичните прашања како што се радикализмот и екстремното насилство, што само по себе е значајна придобивка. Со тоа што овие прашања ги третираме сериозно, наместо да ги отфрлиме, ние сме посветени на изнаоѓање решенија секогаш кога ќе се појави проблем во нашата заедница". Ученик од Тетово забележа: "Кога размислувам за проектот, најзначајното што го понесов со себе се пријателствата и врските што ги воспоставив со другите. Проектот имаше длабоко влијание врз мене, давајќи ми основно знаење за опфатените теми. Сега имам подлабоко разбирање за овие концепти и нивната важност за нашиот секојдневен живот".

**Сепак, овие согледани придобивки би можеле потенцијално да имаат поголемо влијание доколку се обезбедат континуирана поддршка и ресурси за нивно продолжување.** Многу наставници забележаа дека активностите биле краткорочни и еднократни. Тие наведоа дека не дошло до врсничко учење и менторство, што би помогнало да се интегрираат новите концепти во училницата. Тие изразија загриженост поради недостатокот од континуирани активности или следење, и дале предлози за редовно зајакнување на обуките и активностите. Наставник од Скопје ја нагласи потребата да се организираат сесии два пати годишно, за да не се изгуби знаењето. Овој фидбек ја истакнува неопходноста од одржување на континуитет и редовност во активностите за да се зајакне и одржи нивното влијание. Наставник од Тетово укажа на потешкотии во пренесување на знаењето и влијание на надворешните фактори, како што се политички кампањи, кои може да го влошат негативното однесување кај учениците. Ова укажува на важноста од интегрирање на активностите во пошироки образовни стратегии и справување со надворешните влијанија кои би можеле да ја поткопаат нивната одржливост. Родителите повикаа и на континуитет на ваквите програми и нивна интеграција во училишната програма. Дополнително, не беше пријавено систематско мерење на ефектите, освен општиот коментар од страна на општините и креаторите на политики, кои споменаа дека познаваат млади лица од нивните заедници кои биле радикализирани. Понатаму, во училиштата не им се дава простор на учениците тие да ги водат активностите, што ја ограничува примената на стекнатото знаење од овие активности.

**Дополнително на горенаведеното, многу од испитаниците (96%) посочија дека активностите најверојатно ќе престанат доколку финансирањето од донаторите заврши** (види Слика 27). Ова ја нагласува клучната зависност од надворешна финансиска поддршка за продолжување на овие проекти. Само 2% од испитаниците беа уверени дека активноста ќе продолжи без донаторско финансирање, наведувајќи дека општината има наменски буџет за такви активности. Таквата зависност сугерира дека активностите немаат финансиска поддршка и отпорност доколку финансиите потфрлат.

Севкупно, 96% од испитаниците пријавија дека активностите не претставувале значителен ризик (види Слика 27), што укажува на општа перцепција дека тие биле безбедно спроведени без непосредни или очигледни негативни последици за вклучените или за заедницата. Сепак, 94% од испитаниците сметаат дека активностите имале само делумно долгорочно влијание. Ова укажува дека, иако активностите имале

перцепирани непосредни ефекти (повеќе врз основа на лични искуства), нивното одрживо влијание со текот на времето се перцепира како ограничено, што повторно ја потврдува потребата од континуирана поддршка и ресурси за понатамошна употреба.

**Сите родители вклучени во дискусиите на фокус-групите веруваа дека на дискусиите за радикализам и насилство треба да им се пристапи со љубезност и авторитет.** Тие се залагаат за отворен дијалог, особено како одговор на актуелните настани и ја нагласуваат важноста да им се објаснуваат на децата последиците од екстремистички дејствија. Многу родители сметаат дека училиштата и општините не се доволно проактивни во решавање на овие прашања. Тие предлагаат институциите да преземат поголема одговорност за организирање на едукативни активности и обуки за родителите. Иако родителите кои учествуваа во активностите сметаат дека тие се корисни, сепак ја забележаа потребата од пошироко учество и задолжително ангажирање на сите родители, особено оние кои можеби се помалку ангажирани. Родителите ги гледаат наставниците како суштински во дискусијата за овие теми, но сметаат дека нивните напори мора да бидат поддржани со активно вклучување на родителите. Тие нагласуваат дека наставниците сами не можат да ги решат овие проблеми без поддршка од родителите и заедницата. Генерално, сите фокус групи на родители ја истакнаа потребата од поструктурирани и пообемни напори од страна на училиштата, општините и другите институции за справување со радикализација и насилство. Родителите навистина посакуваа повеќе ресурси и поддршка за да им помогнат во овие дискусии и би сакале да видат попроактивен пристап од образовните организации и организациите на заедницата.

*Накратко, иако постои перцепција дека активностите не носат во себе поголем ризик и се потврди дека имаат одредени позитивни ефекти, се забележува загриженост за долгорочната одржливост и продолжување на овие влијанија, особено ако финансирањето е ограничено и ако не се обезбедени ресурси за понатамошно користење на поволностите.*

*Севкупната оценка укажува на „Низок успех" на Одрживоста на активностите. ГО ги оценија критериумите попозитивно, сметајќи дека напорите се со „Умерен/мешан успех", додека вработените во општините и училиштата сметаат дека успехот е „Многу низок". И креаторите на политики исто така сметаат дека постигнатиот успех е „Низок". Иако засегнатите страни потврдија дека има оредени придобивки од активностите за П/СНЕ, повеќето изразија загриженост за нивната одржливост. Овој сентимент укажува на пошироката потреба за суштински подобрувања со цел активностите да се усогласат со очекувањата и реалноста со која се соочуваат различните вклучени чинители. Недостатокот на кохерентност во иницијативите, ставањето фокус на непосредните резултати наместо на долгорочни придобивки како и недоволната вклученост на засегнатите страни во процесот на дизајнирање ги поткопа долгорочните перспективи на овие напори. Без да се третираат овие недостатоци, потенцијалот за одржливо влијание останува под ризик, и токму затоа во идните активности е важен пристапот заснован на соработка и инклузија.*

## Критериум 7: Корисност/влијание

**ОПШТА ОЦЕНА:** → **51.6%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***ГО:*** → **63.3%** *(4-Генерално успешен)*

*Оцена на критериумот од* ***општините:*** → **55.6%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***наставниците и стручниот кадар:*** → **43.1%** *(3-Умерен/мешан успех)*

*Оцена на критериумот од* ***креаторите на политики:*** → **44.4%** *(3-Умерен/мешан успех)*

Мислењето на испитаниците, општо и во однос на нивната конкретна улога (ентитет) во истражувањето, по однос на прашањата за евалуација и односните критериуми, се прикажани подолу.




*Слика 30. Одговори на испитаниците на прашања за евалуација за Критериум 7: Корисност/влијание на активностите (во %, N=52)*

**Општо земено, испитаниците укажаа дека активностите имале значајно влијание врз целните групи, ефикасно одговарајќи на нивните потреби.** Поконкретно, 83% од испитаниците потврдиле дека активностите ги задоволиле овие потреби, додека 15% имале амбивалентно мислење по однос на овој исход (види Слика 30). Според извештаите, активностите донеле придобивки за поединци, за различни засегнати групи (наставници, ученици, родители и општински персонал), заедници и институции. 79% од испитаниците воочија значајни промени во животите на корисниците како резултат на активностите, а овој став беше најизразен кај ГО (95%). Другите засегнати страни исто така позитивно ги перцепираа промените, иако во помала мера: општините (75%), креаторите на политиките (67%) и наставниците и стручниот кадар (65%) (види Слика 31). Имено, училишниот персонал сподели искуства за успешно интегрирање на учениците, вклучително и од ризични средини, како што се деца на повратници од конфликтните зони на Блискиот Исток. Ученик од Скопје забележа: „Секогаш бев доста повлечен/а и ми беше тешко да ги изразам моите мислења. Оваа активност ми помогна да ја надминам таа бариера, и ми овозможи поефективно да ги артикулирам моите мисли и чувства. Исто така, научив да бидам покритички настроен, да барам докази и да проверувам информации, особено на социјалните мрежи“. Слично на ова, друг ученик од Скопје забележа: „Стекнав поголема самодоверба и сега се чувствувам поспособен да дискутирам за сите споменати теми“. Ученик од Тетово наведе: „Најкорисниот аспект од овие активности за мене беше соработката со ученици од различни култури. Ова искуство беше клучно бидејќи ми овозможи да работам со нив, да разговараме и да

дискутираме за теми кои значително влијаат на нашите секојдневни животи. Клучните елементи што го направија ова искуство вредно и суштинско беа стекнувањето увид во културните разлики и поттикнувањето доверба и почит меѓу врсниците". Дополнително, само еден испитаник од ГО забележал дека се предизвикала ненамерна последица, во форма на неочекуван успех со родителите, кои почнале почесто да комуницираат со ГО за да споделуваат искуства и информации и да бараат совети како да ги поддржат своите деца (види Слика 30).




*Слика 31. Одговори на испитаниците за тоа дали активностите предизвикале значителна промена во животот на корисниците (во %, N=52)*

**Сите родители едногласно се согласија дека главните придобивки вклучуваат подобрена комуникација, подобро справување со дрскоста и нетрпеливоста, промена на перспективата за време на конфликти, зголемена толеранција и способност да се сослушаат двете страни за да се решаваат конкретни прашања.** Сите родители забележале позитивни промени во личните животи. Еден родител од Куманово забележа: „Ги применувам техниките од проектот во мојот личен живот, што доведе до поголема блискост во семејството и поотворена комуникација". Друг родител од Куманово исто така забележал позитивна промена кај своето дете како резултат на учеството во проектот, а тоа е зголемена желба да им помогне на другите. Родителите изразија силна желба да учествуваат во идни активности поврзани со овие прашања. Тие бараат можности да научат нови вештини, да стекнат знаења и да се справат со различни предизвици поврзани со насилството и радикализацијата.

**И покрај забележителните придобивки за животот на корисниците, поголемиот дел од испитаници (90%) сметаат дека активностите биле само делумно трансформативни и не успеале целосно да создадат системски промени или промени во нормите** (види Слика 30). Ова чувство го делат сите ГО, 92% од вработените во општините, 82% од училиштата и 50% од креаторите на политиките (види Слика 32). На пример, општина Гостивар креирала наменски буџетски ставки за поддршка на акциските тимови на заедницата. Оваа иницијатива е резултат на локалните политики и од политичката волја на општината, но секако и од упорноста на локалните ГО. Претставник на ГО од Скопје (Испитаник 44) забележа „Владините институции научија дека ГО можат да бидат клучни партнери во градење на капацитетите на државните и локалните учесници во борбата против радикализацијата и НЕ", што е видливо и во Националната Стратегија за П/СНЕ за 2023 - 2027 година, каде што ГО се партнери во имплементацијата на активностите наведени во Акцискиот план[30].

[30] Влада на РСМ (2023) Национална стратегија за борба против насилен екстремизам (2023-2027). [онлајн документ] Достапен на: https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategii/eng_national_cve_strategy_2023-2027.pdf стр. 23 [18.09.2024]

За да се посведочат трансформативните активности и да се овозможат системски промени, потребно е да се надминат одредени недостатоци од тековните практики, како што се неизвесноста на учениците за тоа каде да побараат помош за проблеми поврзани со екстремизмот и чувството на родителите дека наставниците често немаат време да се фокусираат на емпатија и емоционален развој поради притисоците од наставната програма (обете беа наведени за време на дискусиите во фокус групите). Родителите, исто така, повикаа на поструктурирана поддршка од државата, општините и ГО со цел да се обезбедат повеќе образовни ресурси на овие теми.




*Слика 32. Одговори на испитаниците дали активностите создале какви било систематски промени или промени во нормите (во %, N=52)*

При оценка на влијанието на активностите врз визијата на училиштата за радикализација и НЕ, еден наставник од Скопје (Испитаник 41) забележа: „Ова е толку тешко прашање; во училиштата и во заедницата не постои визија за оваа тема". Креаторите на политиките го потврдија истото ова мислење, истакнувајќи го недостатокот на системски решенија за финансирање на такви активности. Креатор на политики од Националниот комитет за СНЕ/БПТ (Испитаник 51) забележа: „Постои отворена соработка помеѓу институционалните членови на комитетот и граѓанскиот сектор. Доколку обезбедевме дополнителна поддршка од локалните самоуправи, резултатите ќе беа уште подобри. Потребна е поголема поддршка од локалната власт, вклучително и буџетирање на општинско ниво и влијание врз политиките и активностите на оваа тема. Во моментов, одржувањето на овие активности не е изводливо без финансии од донатори".

Учениците вклучени во дискусиите во фокус групите дадоа добро обмислени препораки за идните практики на П/СНЕ. Тие предложија да се зачестат ваквите активности и да почнуваат во раните образовни фази. Тие ја истакнаа важноста од ангажирање на родителите за да се дискутираат овие теми и дома и на училиште. Тие исто така се залагаат и за поддршка од државата и општините за обуки и ресурси за подобрување на достапноста и ефективноста на овие активности. Накратко, учениците сметаа дека активностите за П/СНЕ се вредни и информативни, но сепак побараа подобрен формат и реализација на овие програми за уште поголем ангажман и ефективност. Тие исто така, ја истакнаа потребата од заеднички напори што ќе ги вклучат воспитувачите, родителите и организациите во заедницата за подобро справување и спречување на насилство и екстремизам.

*Накратко, за да се разберат процесите кои ќе донесат подобрени резултати од активностите, клучно е да се разгледа поширокиот политички и социо-економски контекст во кој тие се спроведуваат. Активностите беа во голема мера зависни од надворешна финансиска поддршка, нагласувајќи ја потребата од одржливи механизми за финансирање. Не беа доволно усогласени и интегрирани локалните ресурси и капацитети, што влијаеше врз севкупната ефективност и одржливост на активностите. Темата за радикализација и НЕ е исто така динамична, обликувана од различните и променливи социјални, политички и технолошки фактори. Екстремистичките идеологии постојано се менуваат, прилагодувајќи се на глобалните настани, општествените промени и културните наративи, на пример, подемот на социјалните медиуми го промени начинот како се шират радикалните идеи. Оттаму, контекстот во кој се јавува радикализацијата може да варира во различни региони и кај различни заедници. Во таа смисла, дизајнот на активностите се менувал соодветно на промените и потребата да бидат флексибилни. Предизвиците во спроведувањето и континуитетот на активностите делумно се должеа и на отсуство на кохезивна поддршка и водство од институциите. Крупен проблем е и тоа што учениците се поделени врз основа на наставниот јазик и недоволно се инвестира во развој на наставна програма која поттикнува нови вештини и капацитети во училиштата (на училишниот персонал, учениците и родителите), што влијае врз долгорочното влијание и интегрирање на овие активности.*

*Вкупниот рејтинг на влијанието на активностите за П/СНЕ е „Умерено до мешано“. ГО ги оценија критериумите поповолно, што е одраз на чувството на успех во нивните напори. Спротивно на тоа, вработените во општините и училиштата, како и креаторите на политики дадоа „Умерени/ мешани“ оценки, што сугерира дека се свесни за предизвиците кои остануваат. Учениците ја нагласија важноста на активностите за разбирање на културните разлики и изградија доверба помеѓу врсниците. Родителите пријавија зголемена самодоверба и подобрени комуникациски вештини, што им овозможило подобро справување со конфликти и поголема толеранција. Тие забележаа позитивни промени во нивниот личен живот и изразија силен интерес за учество во идните активности за учење на нови вештини и справување со предизвиците поврзани со насилството и радикализацијата. Оваа разлика во перцепциите ја истакна потребата за долгорочно мерење, евалуација и следење за да се утврди долгорочното влијание, заедно со усогласување на проектите со она што реално може да го продолжи училишниот персонал и засегнатите страни. Севкупно, иако беа потврдени позитивни елементи, повратните информации на испитаниците ја истакнаа важноста од справување со постоечките недостатоци за да се постигне поголемо влијание во заедницата.*

# 4. Заклучоци

Образованието во денешно време подразбира многу повеќе од обичен пренос на знаења. Современите училишта се клучни за формирање на вредностите и карактерот на учениците преку развивање и негување на критичко размислување, вештини за решавање на проблеми и чувство на одговорност. Тие негуваат емпатија кај учениците, етичко однесување и приспособливост а притоа промовираат почит за културните разлики и глобалните праша- ња. Овој сеопфатен пристап ги подготвува учениците да станат информирани и ангажира- ни граѓани, способни да придонесат за одржливо и праведно општество. Со користење на образованието како алатка за негување на активно граѓанство, училиштата можат да се справат со основните фактори на радикализација. Преку наставни програми и активности кои промовираат критичко размислување, толеранција и конструктивен ангажман, образованието може да ги поттикне учениците да се спротивставаат на екстремистичките идеологии и да придонесат кон подобрување на нивните заедници. На овој начин, образованието во денешно време не само што ги подготвува поединците да се движат низ светот, туку и активно да учествуваат во градењето на отпорни, кохезивни општества.

Слика 33 (подолу) ја илустрира општата оцена и под-оцените на секоја категорија на чинители за анализираните критериуми (во проценти), при што повисоки проценти укажуваат на поизразен позитивен сентимент за критериумите. Како што е прикажано на графиконот подолу, чинителите изразија силни чувства во врска со Ефективноста и релевантноста на дизајнот на активностите во споредба со другите критериуми. Спротивно на тоа, мислењето за Ефикасноста, Изборот на корисници, Кохерентноста, Одржливоста и Влијанието беа изразито помалку позитивни. Граѓанските организации дадоа значително поповолни одговори на сите критериуми од оценката споредено со другите чинители, додека училишниот персонал имаше најконзервативни оценки за сите критериуми освен за Ефикасноста. Граѓанските организации имаа високи оценки за Ефективноста, Релевантноста, Квалитетот на дизајнот и умерена оценка за Изборот на корисници, одржливоста и кохерентноста. Вработените во општините имаа умерена оценка за релевантноста и квалитетот а висока за ефективноста, но имаа пониски оценки за Ефикасноста, Одржливоста и Кохерентноста. Во целост, вработените во училиштата дадоа најниски оценки, оценувајќи ги ниско Релевантноста, Квалитетот, Ефективноста, а уште пониско Кохерентноста и Поврзаноста. Особено негативни беа нивните ставови за Одржливоста. Креаторите на политики имаа умерени оценки за Релевантноста и Квалитетот, како и за Ефективноста, но и нивните оценки за Кохерентност и Одржливост беа ниски. Севкупно, заклучокот е дека ГО позитивно ги перцепираат активностите, а другите засегнати страни укажаа на значителни недостатоци во областите кои се од клучна важност за долгорочен успех.




*Слика 33. Преглед на општата оценка и под-оценките од сите чинители на критериумите за оценување (во%, N=52)*

## Релевантност и квалитет на дизајнот на активностите

Критериумите за **Релевантност и квалитет на дизајнот на едукативни активности за П/СНЕ** беа рангирани како „**Генерално успешни**". Нивната релевантност во локалниот контекст беше широко признаена, и беше констатирано дека покрива разновиден опсег на целни групи, покрај училиштата. Значителни 96% од испитаниците потврдија дека активностите се сензитивни и дека се во соодност со локалната динамика која се подобруваше за време на имплементацијата. Сепак, засегнатите страни го перципираат овој успех на различен начин. Граѓанските организации изразија силна доверба во Релевантноста и Квалитетот на дизајнот на нивните иницијативи. Наспроти ова, општинскиот персонал се изрази позитивно, иако малку порезервирано во споредба со нив. Училишниот персонал, сепак, изрази поголем скептицизам, со перцепција дека постигнатиот успех е „Умерен/мешан". Предизвиците во фазата на обликување на овие активности укажаа на диспаритет дали процесот на дизајнирање целосно одговарал на потребите на корисниците или дали активностите и резултатите се конзистентни со релевантните политики. Оваа неповрзаност помеѓу Релевантноста на активностите и разбирањето на корисниците за нивната вредност укажува на недоволно споделување на информации и знаење за политиките, мотивацијата и логиката зад активностите. Дополнително, немаше доволно активно учество од засегнатите страни, при што многу корисници останаа пасивни приматели наместо ангажирани чинители. Иако активностите беа осмислени ефективно да ги задоволат потребите на засегнатите страни и да бидат усогласени со националните и локалните приоритети за градење на отпорност против НЕ, процесот на дизајнирање не успеа да овозможи активно учество на корисниците. Како што расте разбирањето и институционалниот одговори за П/СНЕ, традиционалниот пристап фокусиран на обука сè повеќе се смета за застарен. Идните активности треба да вклучат повратни информации од засегнатите страни, за да ги земат предвид и поранешните искуства и да поттикнат вклученост и одговорност на засегнатите страни за подобрувања во релевантноста и квалитетот на дизајнот. Постои потенцијал за повторување или проширување на успешните активности, со поголем акцент на динамични и инклузивни процеси на дизајнирање.

## Избор на корисници на активностите

Критериумот за **Избор на корисници (учесници) во образовните активности** беше оценет со **„Умерен/мешан успех"**. Ова укажува на доминантно чувство на несигурност за соодветноста на методот на селекција на географските области и училиштата, како и за вклученоста на училишниот персонал од страна на различните групи на актери. Постоеше загриженост кај некои наставници и вработени во општините кои имаа резерва дали проектите се соодветни за нивните локални средини, сметајќи дека тие не се посебно ранливи на радикализација и насилен екстремизам. Беше наведен и проблемот со ограничено вклучување на наставниците и стручниот кадар во оценување на ранливоста и дизајнот на проектите. Недоволното ниво на ангажман предизвика недостаток во процесот на вклучување, каде се чинеше дека главниот критериум при изборот на корисници беше подготвеноста на општината да учествува, а не проценката на локалните потреби. Перспективата дека е постигнато „ниско ниво на успех" посебно ја изразија вработените во училиштата. Оваа пониска оцена веројатно укажува на конкретни слабости во поставеноста на образованието, вклучувајќи и недоволна подготовка за активностите и пошироката тема за превенција и спротивставување на НЕ. Како резултат на ова, некои целни групи и места каде се реализираа активностите не ја сфатија активноста како неопходна или не ја разбраа нејзината конкретна цел. Заклучокот е дека без соодветна обука и поддршка, наставниците може да имаат потешкотии да се ангажираат и да спроведуваат иницијативи за П/СНЕ, што на крајот ќе влијае врз севкупниот успех на програмите. Решавањето на овие недостатоци може да биде од клучна важност за соодветен избор на корисници за идните активности во училиштата. Оваа разлика во перспективите ја нагласува потребата за понатамошен дијалог помеѓу засегнатите страни во однос на процесот на селекција и вклучување на едукаторите. Ангажирањето на професионалци кои се директно вклучени во наставата ќе помогне подетално да се прилагодат активностите на спецификите во поглед на ранливоста во заедницата.

## Ефективност на активностите

Критериумот **Ефективност на образовните активности** беше општо оценет како „**Извонредно успешен**", најмногу врз основа на перцепциите на засегнатите страни. Овие иницијативи опфатија широк опфат на теми насочени кон поттикнување на отпорноста и ублажување на ризиците од екстремизам, но беа проширени надвор од училиштата и ги опфатија центрите за обука и локалните културни институции. Сепак, се појави прашање во однос на нивните настојувања да се креираат брзи излезни резултати/производи, наместо да се цели кон постигнување подолгорочен исход. Критериумот за избор на училишта и ученици, како што е давање предност на подобрите ученици и ограничените буџети го покренува прашањето на делотворност на целокупната иницијатива. На многу активности им недостасуваше механизам за интеграција на новостекнатите знаења во секојдневните активности, а дополнителен предизвик беа институционални бариери, како што се јазичните разлики, и ова секако беше предизвик. Сепак, ефективната комуникација со вработените во општините, вклученоста на директорите на училиштата и стручноста на проектните тимови беа од суштинско значење за успехот на активностите. Секако значителен придонес имаа мотивацијата на учениците и соработката помеѓу чинителите. Иако вклучените актери сметаа дека активностите се делотворни, тие често им даваат предност на непосредните резултати над долгорочните влијанија врз учениците и образовните практики. Без соодветен надзор, беше тешко да се утврди дали вештините и знаењата од обуката ефективно се интегрираат во наставата. Овој недостаток значи дека придобивките од

активностите можеби нема да допрат до учениците на замислениот начин. Со фокус исклучиво на резултатите, како што е бројот на спроведени работилници, без тековно следење и прилагодување, постигнатите високите оценки може да ги затскријат недостатоците во поглед на реалната применливост на резултатите во заедницата. Севкупно, иако се сметаше дека активностите ги постигнуваат своите цели, предизвиците како финансирање, координација и долгорочно влијание ја поткопуваат нивната ефективност. Во иднина треба да се даде приоритет на активности приспособени на потребите, на сеопфатно ангажирање на засегнатите страни и на системски прашања со цел да се подобри ефикасноста.

## Ефикасност на активностите

Критериумот **Ефикасност на активностите** доби општа оцена од „**Умерен/мешан успех**". Иако при спроведување на повеќето од активностите немаше поголеми пречки, неколку проблеми влијаеја врз целокупната ефикасност. Граѓанските организации, вработените во општините и училишниот персонал имаа неподелено мислење во однос на рангирањето. ГО се соочија со низа пречки, како што беше мотивирање на наставниците, учениците и вработените во општините, пречки за обезбедување поддршка од општините и управување со логистички и финансиски ограничувања. Сепак, и покрај овие пречки, тие успешно ги надминаа потенцијалните ризици без значително да влијаат врз планираните резултати и ефектот на проектите. Главните предизвици беа промени во политичкото раководство, што доведе до промени во динамиката на локалната моќ и недостиг на усогласеност помеѓу локалните и националните власти. Понатаму, беше предизвик да се одржи континуитет на активностите и да се поттикне мотивираност помеѓу различните чинители, посебно во состојби кога граѓанските организации често имаат ограничени финансиски ресурси. Оценката „ниска ефикасност" од креаторите на политики сугерира голема потреба за подобар екосистем на координација, соработка, градење партнерство, финансирање и преносливост помеѓу активностите и училишните практики од реалниот живот, како и на пошироките стратешки цели на политиките.

## Кохерентност и поврзаност на активностите

Критериумот **Кохерентност и поврзаност** доби сеопфатна оцена „**Низок успех**", за што имаше општ консензус помеѓу сите засегнати страни. Активностите укажаа на значителни предизвици при постигнување на внатрешна и надворешна кохерентност. Недостатокот на внатрешна кохерентност беше надополнет со одлуки на општините кои влијаеа на тоа кои проекти ќе добијат административна поддршка, и од ограничениот капацитет на наставниците да влијаат или да ги менуваат однапред дизајнираните активности. Генерално, пристапот во овој контекст беше расцепкан. Оваа фрагментација беше обележана со недоволна усогласеност помеѓу различните чинители и институционална неусогласеност. Активностите, иако единствени и важни, не се вклопија добро со другите слични напори, што доведе до изолирано влијание наместо до стратегија со поширок ефект на кохезија. Покрај тоа, испитаниците имаат критичен став кон напорите за поттикнување партнерства и подобрување на влијанието на поврзаните проекти и политики. Само 10% од испитаниците сметаат дека активностите успешно создале значајни синергии и партнерства со други проекти. Ова го отвора поширокото прашање за неефикасна соработка и ограничена интеграција на активностите. Локалните капацитети не ја добија потребната поддршка од институциите, што доведе до недостаток на кохезивни, координирани напори. Иако локалниот капацитет на темата беше

поддржан и развиен, имаше минимална структурна поддршка за создавање трајни врски за соработка помеѓу чинителите. Повторно испитаниците сметаат дека факторите кои придонесуваат за недоволна кохерентност се огледаат во недоволни институционални капацитети, партиски влијанија и недоверба помеѓу структурите на управување на национално и локално ниво, како и помеѓу различните чинители во граѓанскиот сектор. Овие предизвици го намалија потенцијалот да се постигне поголемо општествено влијание, бидејќи фокусот на квантитетот на активностите и бројот на учесници ја засенија потребата за посилни сојузи и ефективна мобилизација. Севкупно, нема доволно меѓусебно споделување на информации и размена на знаења помеѓу образовните институции, креаторите на политики и ГО и постои ограничено споделување на најдобрите практики и научени лекции. Оваа фрагментација го попречува развојот на унифициран пристап за вклопување на темите од П/СНЕ во формалните образовни програми. Накратко, активностите тешко успеваат да постигнат Кохерентност и Поврзаност, поради нивните изолирани напори со ограничена интеграција и соработка. Овој недостаток на кохезија и успеси во градење партнерства го попречи потенцијалното општествено влијание на активностите.

## Одржливост на активностите

Критериумот за **Одржливост** доби општа оценка „**Низок успех**". Половина од испитаниците сметаат дека не мислет дека нивните активности за П/СНЕ ќе продолжат во иднина. Сепак, постои голема зависност од финансирање од надворешни донатори. Мнозинството испитаници посочија дека активностите најверојатно ќе завршат доколку се повлече поддршката од донаторите. Ова создава значителен ризик за одржливоста на проектите. И покрај падот на мотивацијата и ризиците предизвикани од споменатата зависност, кај испитаниците преовладуваше позитивно мислење во поглед на трајноста на ефектите од активностите за П/СНЕ по завршување на проектот. Но, ова мислење не го делат вработените во општините и училиштата кои сметаат дека успехот во оваа област е многу низок. Овој сентимент ја истакна пошироката потреба за суштински подобрувања при усогласување на активностите со реалноста и очекувањата кои ги имаат различните чинители. Недостатокот на кохерентност на иницијативите, доминантниот фокус на резултатите наместо на исходите и недоволното вклучување на засегнатите страни во процесот на дизајнирање, слично како во другите критериуми, влијае врз долгорочната одржливост на овие напори. Без да се решат овие недостатоци, потенцијалот за одржливо влијание е под ризик, што ја нагласува важноста на соработка и инклузија во идните активности. Накратко, иако активностите за П/СНЕ оставаат трајни придобивки и, според мислењето на испитаниците, ги постигнале зацртаните цели, нивната одржливост е нарушена поради финансиската зависност од донатори и недоволната мотивација за континуиран ангажман. Сериозната зависност од надворешна финансиска поддршка претставува значителен предизвик за обезбедување континуитет на активностите.

## Корист/влијание на активностите

Критериумот за **Корист/влијание на активностите** доби општа оценка „**Умерен/мешан успех**". Испитаниците сметаат дека активностите имаат влијание врз целните групи, и дека ефикасно одговараат на нивните потреби. Тие сметаат дека активностите донеле придобивки за корисниците, на пример за ублажување на состојбите поврзани со радикализација и НЕ. Сепак, граѓанските организации ги оценија критериумите поповолно, што е израз на чувството на успех на нивните активности. Спротивно на тоа, вработените во општините и училиштата, како и креаторите на политики, дадоа поскромни оценки, што говори дека ги препознаваат истите предизвици.

Покрај вооченото позитивно влијание, мнозинството испитаници сметаа дека активностите беа само делумно трансформативни и не постигнале системски промени или поместување на нормите до посакуваниот степен. Дополнително, активностите во голема мера се потпираат врз надворешна финансиска поддршка, што го потенцира недостатокот на одржливи механизми за финансирање. Недостатокот на усогласување и интеграција со локалните ресурси и капацитети влијае врз нивната севкупна одржливост. Покрај тоа, динамичниот карактер на радикализацијата и НЕ го попречуваат соодветното прилагодување на активностите во рамките на нивниот дизајн. На крајот, отсуството на кохезивна поддршка и помош на институциите создало предизвици при спроведување и одржување на активностите. Прашања како што се паралелизмот во образовниот систем, поделбите врз основа на наставниот јазик и недоволните напори да се развие наставна програма која цели кон развивање нови вештини како што се критичко размислување, дигитална писменост, вештини за меѓусебна соработка, граѓански ангажман, приспособливост и издржливост, негативно влијаеја врз долгорочната интеграција и делотворноста на активностите. Накратко, иако активностите имаа значајно влијание врз исполнувањето на потребите на корисниците, тие беа помалку успешни во постигнување системски промени или целосно инкорпорирање на инклузивни практики. Потпирањето на надворешно финансирање и неусогласеноста со локалните капацитети и пошироката институционална поддршка го ограничија долгорочното влијание и одржливоста на активностите. Севкупно, иако беа увидени позитивни елементи, мислењето на корисниците ја истакна важноста од решавање на недостатоците со цел да се постигне поголемо влијание во заедницата.

# Препораки

## 1. Воспоставување механизам за координација на образовните активности за П/СНЕ

Добро воспоставен механизам за координација е од суштинско значење за поттикнување на соработка меѓу различните чинители вклучени во напорите за едукација на темите поврзани со П/СНЕ. Со формирање на комитет кој ќе обедини претставници од училиштата, општините, ГО и креаторите на политики, може да се создаде сеопфатна платформа за споделување информации за тековните проекти и најдобрите практики. Овој комитет ќе има за цел да ја подобри кохерентноста меѓу иницијативите, да се погрижи активностите да не се дуплираат, да модерира при соодветниот избор на училишта и корисници и да ги надгледува активностите со цел ресурсите да се користат ефикасно. Дополнително, тој би послужил како централизирано тело за мобилизација на ресурси, помагајќи при обезбедување финансии и поддршка за проекти кои се покажале како ефикасни во различни случаи. Партнерите кои помагаат за финансирање, како што се меѓународните донатори, би можеле да учествуваат со давање на предлози во врска со тековни и идни можности за проекти. Со нивно вклучување може да се мобилизираат ресурси и да се намали дуплирањето на проектите.

Се препорачува комитетот да се среќава квартално, при што граѓанските организации би помагале во организирање на состаноци и со логистиката, што би ги намалило обврските за организација и би се избегнало претерано комплицирање на координацијата. Потребна е редовна комуникација и ажурирање на новините, со цел сите засегнати страни да бидат на иста линија и информирани. Овој инклузивен пристап ќе ја подобри комуникацијата и ќе поттикне чувство на одговорност и лично вложување на сите засегнати страни, што на крајот ќе доведе до повлијателни активности за П/СНЕ.

*Задолженија:* Институциите на централно ниво и општините треба да бидат задолжени да се овозможи работата на механизмот за координација, а ГО можат да придонесат во неговото воспоставување, градење капацитети и управување.

## 2. Развивање на интегрирана наставна програма за П/СНЕ

Развојот на наставна програма за П/СНЕ на национално ниво која беспрекорно би се вклопила во постоечките училишни програми е од клучно значење за обезбедување на долгорочно влијание на активностите. Во овој поглед, важна е соработката со наставниците за креирање на таква наставна програма, за да биде релевантна и практична.

Врз основа на наодите во ова истражување; важно е да се земат предвид негативниот сентимент и пробле- мите кои ги наведоа наставниците и стручниот кадар во врска со нивното понатамошно ангажирање во областа на П/СНЕ. Идните активности за П/СНЕ треба да дадат предност на пристапот „од базата нагоре“ при што училишниот персонал би се ангажирал во процесот на дизајнирање на активностите, со цел иницијативите да бидат сензитивни на контекстот и прилагодливи. Затоа, вклучувањето на интерактивни методи за учење и редовни консултации со училишниот персонал при развивањето на алатки, материјали и наставни програми, може да го поттикне чувството на сопственост и посветеност, што на крајот ќе го зајакне долгорочното влијание на програмите за П/СНЕ.

